**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 122-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Лилјана Ивановска, Мите Николов, Рафет Муминовиќ, Игор Ивановски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Мендух Тачи и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 15 - Информација за состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година.**

Продолжуваме со претрес по Информацијата.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Основна дилема што се јавува кај мене кога ја разгледувавме уште Информацијата поднесена од 6 пратеника во Парламентот на Република Македонија на седницата на Комисијата за земјоделство при нашиот Парламент е содржината на првата реченица на таа Информација која што гласи: состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година е крајно сложена и неизвесна за тутунопроизводителите. Таа дилема не само во оваа Информација, туку и во сите други информации, анализи и закони кои што ги носиме тука, предлог закони во една, или две фази не оптеретува кога ние претставниците на државните институции како поединци, како членови на Парламентот, или членови на Влада расправаме само за последиците кои што се јавуваат како последици на лошо организиран процес на македонската економија, односно производство, размена, распределба и потрошувачка, конкретно во делот на тутунопроизводството сега расправаме со оваа Информација. Значи, ние како Парламент на крајот на нашиот мандат, јас како пратеник не ја согледуваме фундаменталната заблуда, а која што е подигната на македонски аксиом кога се расправа тука во Парламентот дека македонската држава не се меша во пазарна економија, или се меша само тогаш кога на тоа е натерана под притисок. И дека со мешање на македонската економија во пазарната економија ќе се наруши слободата на пазарните текови. Тоа е нешто што го слушаме од парламентарната говорница на три премиери во три експозеа на премиери на Влада на Република Македонија од 2003 година наваму. И тоа мене ми личи, да речеме, употреба на изветвена туѓа изрека која што не е македонска дека во Република Македонија во делот на улогата на македонската држава во македонската економија, конкретно сега со тутунопроизводството дека сме ние поголеми католици од Папата. Ама ние имаме и една македонска наша народна, дека селанецот и попот знаат повеќе од попот. А бидејќи земјоделието е поврзано со Бога, фабрика на отворено, тоа значи дека така ќе треба да биде и во овој наш македонски Парламент.

Нашиот основен економски концепт во земјоделството, конкретно и во тутунопроизводството кој што беше детерминиран уште во 1995 година со укинување на субвенциите во производната 1996 година за сите земјоделски култури и производи и ден денеска губи од предвид една клучна работа, а тоа е дека ниту највештото манипулирање со буџетски рамнотежи, со даноците од сите видови, ДДВ, даноци на имот, со акцизите, со таксите, каматите, не носи прогрес на македонското општество ако нема институционален дијалог пред да почне производната година помеѓу трите фактори, ова го повторувам по трет пат од говорницата во македонскиот Парламент, трите фактори на производство, тоа е државата претставена преку Владата и законодавниот дом, Парламентот, бизнисот претставен преку претприемачите, Стопанската комора, значи капиталот и трудот, оние што произведуваат конкретно тутунопроизводителите. Ако нема таков институционален дијалог пред да почне производната година, пред да се ожнее реколтата, конкретно тутунот сега реколта 2005-2006 година, тогаш не може да ни помогне нас теоријата дека ние не се мешаме во пазарна економија, таа сама ќе си ги регулира односите, конкретно за цената на тутунот, понудата и побарувачката на тутунот. Оттука можам да кажам дека односите во македонското тутунопроизводство споредено и во 1990 година пред промена на системот и сега 2006 година во месец февруари не се многу променети. Можеби се осовременети трактори како механизација, површините се намалени, не се повеќе 15 илјади хектари, туку се некаде од 8 до 9 илјади хектари годишно се засејуваат со тутун, не се веќе некаде околу 40 илјади семејства, туку се околу 30 илјади семејства кои што исклучиво егзистираат од тутунот . Сепак, тоа е една огромна популација некаде околу 120 илјади граѓани 6% од македонската популација кои што исклучиво живеат од тутунопроизводство. Само што тогаш во 1990 година за производството на тие 30 до 35 илјади тони тутун и потрошувачката на 4 милијарди цигари и околку 200 милиони пакла кутии домашни и странски стоеа луѓето самоуправувачи во најголемите комбинати "Тутунски комбинат-Прилеп" и "Јака-Радовиш",

"Нико Доага", Охрид, Велес, Гевгелија имаше добар комбинат, Валандово "4 ноември", а сега веќе зад откупните пунктови, односно кои што се претстава на тутунските комбинати стојат странски газди како што се "Нихалидис", "Сокомат", или "Тајмонт алијанс". Исто нормално граѓаните што го уживаат тутунот и во разни облици.

Почитувани пратеници, јас навистина не знам кој за овие 15 години нас ни го всади тој аксиом во главата дека во пазарната економија не се планира, не се предвидува, не се договара, не се интервенира кога конкретно во тутунот, тутунското производство најпланските економии со најголеми договори екс анте помеѓу државата, производителите и откупните претпријатија, големите трговци со тутун се токму двете сили кон кои што велесили економски кон кои ние се стремиме, тоа се САД како водечка безбедносна и би рекол економска сила во светот и еден би рекол од двигателите на новиот глобален светски поредок и Европската унија кон која што ние се стремиме да станеме членка. Годишната спогодба помеѓу владите на тие земји односно европската Влада, американската влада, фармерите кои што произведуваат тутун и претрпијатијата што купуваат е облигаторна. Се планира до најситен детал и никогаш не се разгледуваат последиците, туку се анализираат кои се можни причини за можна криза, за можно нарушување на пазарните односи во таа година кога ќе се бере таа реколта на тутун за да се избегнат проблемите од претходната година. Така прави современиот свет, така мора да прави и Република Македонија, ако сака да биде современа држава, ако сака да чекори кон ЕУ, ако сака да биде и безбедна држава.Значи, безбедна држава подразбира и социјална држава која што се грижи за социјалниот ред и мир која што обезбедува минимум гарантирано достоинство на човекот, обезбедува луѓето да се чувствуваат безбедни, сигурни во својата држава. И во таа насока само кај нас ние не го разбираме тоа и кај нас важи девизата онаа балканска, по кавадаречки кажано: Ќор дал, слеп зел. Како инаку да се протолкува тука реченицата која што во неколку наврати беше кажана вчера од говорницата дека Владата по неколку часа преговори успеа да ги разреши проблемите со тутунарите, најде решение. Јас прашувам отворено, зошто не најде решение кога во септември разговаравме за ребалансот на Буџетот 2005 година кога токму од тие ДДВ на тутунарите, ќе кажам подоцна колку изнесува тоа годишно, од тие акцизи кои што се собираат од тутунските добра, тутунот ферментиран и цигарите, Владата си направи суфицит и министерот за финансии му скуси на премиерот на државата да реализира како мандатор работи што ги вети тука на парламентарната говорница, му скуси една и пол милијарда денари. Токму тие пари што ќе беа нужни да се интервенира за пченицата да се плати навреме, да се плати конкретно тутунот, да се даде премија, поддршка што сега еве Владата екс-пост ја прави отпосле, од кога настанаа социјалните безредија, протести и слично. Зошто не се најде решение во декември месец кога го носевме Буџетот за 2006 година кога исто така со голема поддршка од голем број пратеници за два гласа не стигнавме да се преброиме индивидуално да гласаме, се дојде до бројка дека во земјоделието Парламентот може да каже, а Владата мора да почитува да се обезбедат тие една ипол милијарда кои што беа скусени во Буџетот за 2005 година да се направи суфицит. Јас секогаш сум бил против суфицит, зборував против суфицитот и 2000 година и во коментари и во колумни и јавно дека не може да има суфицит во Македонија во Буџетот кога имаме пораст на невработеност. Во 1990 година беа 17% невработени во Македонија, сега сме на ниво од 35%, а сиромаштијата во 1990 година беа некаде околу 150 илјади граѓани, сега се 500 илјади граѓани. Ние не можеме да зборуваме за суфицит во Буџетот. Тоа е само суфицит кој што нема основа, нема база и се базира исклучиво на некои бројки, на некои монетарни агрегати. И кај нас се се остава на стихијата и екс-пост, отпосле кога ќе се случи проблемот ние реагираме и тука сме после паметни и кажуваме дека Владата е демократска, Владата наоѓа решение, Владата има слух за тутунарите. Тоа не е пазарна економија, тоа е се друго, тоа е транзициона економија, тоа е економија без компас, тоа е непланска економија, ама пазарна економија сигурно не е. Економија што прави суфицит две години по ред, 2004 година 600 милиони денари, сега 2005 мината година се искажа суфицит од милијарда ипол денари на потта и трудот конкретно на најсиромашните, тутунарите, тоа не е пазарна економија. Пазарна економија мене, а верувам и за вас е кога Европската унија ќе каже до 2010 година ние ќе произведуваме тутун на ниво од 400 милиони килограми ориентален тутун и дека иако планиравме до 2005 година само да даваме субвенции, заради вработувањето на огромен број луѓе, посебно во земјите како што се Грција, Унгарија и други членки на Европската унија, Бугарија која што се стреми, а користи од европските фондови, ние ќе продолжиме да даваме субвенции во висина од 2,5 евра до 4 евра по килограм тутун и во 2006 година. А за понатаму ќе видиме согласно проекциите на европскиот буџет од 2007 година до 2013 година. Тоа е пазарна економија, тоа е предвидување. Или кога САД ќе кажат дека до 2010 година ќе го ограничат производството на "Вирџинија" и "Берлеј" на 2 милијарди килограми и ќе даваат просечна премија до 2010 година 1,95 долари за "Вирџинија", 2,09 долари за "Берлејот" и тоа е пазарна економија планска, предвидлива, договорно капиталистичка, не договорно социјалистичка. И кога американската држава води сметка за 800 илјади фармерски семејства, значи некаде околу 3 милиони граѓани за 1 ипол пат поголеми од Македонија кои што се загрижени дали американската држава ќе води сметка за нив, за нивната социјална состојба, за

нивната економска состојба и американската држава одговара дека ќе води сметка до 2010 година и тоа е пазарна економија. Затоа тие држави одат напред, затоа било кој американец на било кој дел од било кој континент во светот стои до американското знаме и се гордее што е Американец. Со нашите зборови од монетарна провиниенција буџетска рамнотежа, суфицит, монетарна стабилност и сите други работи што тука ги набројуваме десетици години по ред. Од првиот супервизор немаме, Томсон, до последниот сега не му го знам името на господинот, секоја чест на нивните теории, секоја чест на нивните доктрини, непорекливи се тие доктрини од финансиски аспект. Само три работи се непорекливи за проверка на тие доктрини. Три работи се во светската економија тоа е: сиромаштијата, тоа е невработеноста и тоа е стопанскиот раст. Ние на тоа немаме одговор и немаме одговор и ММФ да каже: зошто нивните политики во Македонија пропаѓаат. Зошто и покрај доследното спроведување во Македонија стопанскиот раст е најнизок на Блаканот, невработеноста расте, сиромаштијата расте, а првиот постулат на ММФ и на Светската банка е, елиминирај ја сиромаштијата, зголемување на стопанскиот раст. Тоа кај нас во Македонија не врви, а не врви затоа што не планираме, не предвидуваме, не се договараме конкретно и за тутунот, туку отпосле, ако може да поминеме така, ако не се бунтуваат тутунопроизводителите, може, а ако дојде до густо, тогаш ќе бараме решение и тогаш Владата ќе биде успешна.

Ние, по мене и во оваа година не сме успеале да ги откриеме вистинските реалности во тутунопроизводството, конкретно и за реколтата 2005-2006 година што ќе ни овозможи планска проекција за иден развој. Тој иден развој треба да биде детерминиран најмалку 5 години и тој иден развој е детерминиран во македонското земјоделство. Во 2002 година во Македонија беше експерт на Светската банка д-р Рајтупун Џајсард. Република Македонија во договор со Светската банка плати 800 илјади евра да се изготви стратегија на Светската банка за развој на земјоделството. Не знам дали некој ја прочитал тука, ама јас сум ја читал, бидејќи јас ја плаќав како министер. И таму стои дека тутунот за Македонија е стратегиска култура, со оглед на неговото учество во извозот, со оглед на неговото учество во социјалата, 30 илјади семејства, со оглед на неговата компонента во Буџетот како акциза, како ДДВ, а ние тука донесуваме Предлог на закон во кој велиме дека тутунот не е култура од општ интерес за Република Македонија. Катастрофална грешка. Не ги следиме препораките на Светска банка.

Што ние треба да направиме во овие следни неколку години, барем најмалку до 2007 година, за две години да планираме однапред. Согласно таа стратегија ние треба да кажеме дека тутун во Република Македонија може, ориентален тутун од типот Прилеп, Јака, Џебел, Отља, а сега современо и Басма, да произведат до 25 илјади тони и солвентно да го наплати, дека во Македонија, се трошат околу 4 милијарди цигари, две милјарди странски, две милјарди домашни и дека тоа е некаде околу 200 милиони кутии цигари, или некаде 6 цигари по жител во Република Македонија, дека акцизите во Буџетот од тутунот, какоферментирани цигари, досега носат 2,2 милијарди денари, сега со новата акциза од 9 денари уште 1,8 милијарди денари. 200 милиони кутии по 9 денари се 1,8 милијарди денари. Значи 2006 година македонскиот буџет ќе биде наполнет од џебовите на тутунарите со 4 милијарди денари. Тоа е скоро 70 милиони евра, дека од ДДВ, по сите основи се прибира уште најмаку 1,2 милијарди денари во Буџетот, само од тутунарите во Република Македонија, подоцна ќе ја кажам калкулацијата и дека Македонија треба да дава премија секоја година, како што даваат американците, бидејќи велиме дека сме за влез во НАТО и ЕУ, најмалку 600 милиони денари, или 0,7 евра по килограм, колку што даваат србите и хрватите. Толку барем можеме, бидејќи мислам дека сме понапред и од Србите и од Хрватите, како економија. Во овој момент Хрватска дава 5 куни или некаде 40 до 45 денари по килограм, а Србија за сличен на нашиот ориентален тутун, дава исто така 45 денари по килограм. Со Бугарија и со Грција веќе не комперирам, тие се далеку пред нас. Бугарија дава 1 евро, Грција дава меѓу 2,5 и 4 евра, ама Грција е членка на ЕУ, реков нема да споредуваме баби и жаби, Грција е систем. Зборуваме за Бугарија, Србија и Црна Гора и Хрватска. Тоа е пазарна економија. И така се брани пазарна економија, кога ќе се предвиди, ќе се планира, однапред ќе им се каже на тутунарите дека вие ќе добиете по 45 денари од килограм, од реколта 2006/2007 година до реколта 2010 година, како што планираат ЕУ и САД. Тоа ќе овозможи повратен фитбек, работа за 30 илјади семејства кои нема да бидат на Заводот за вработување, нема да бидат социјални случаи, туку ќе бидат луѓе кои достоинствено ќе живеат од својот труд и ќе го издржуваат своето семејство или 120 илјади граѓани ќе живеат достоинствено, нема да бидат на работ на сиромаштијата, на работ на социјалната егзистенција и просечната заработувачка при добри договарања со откупните претпријатија и при следење на светските цени на ориентален тутун, со промена на сортниот асортиман, полека кон Басмата, која е важечка и за, само различни се типовите, ако во Турција е Самсун, ако е во Грција е Катерини или Басма или Калабулук, ако е Бугарија е Кржавик, нашата е Прилеп и Јака, слична, меѓутоа да го подобриме сортниот асортиман, да дојдеме до цена која ќе биде, некаде за еден тон тутун да добиваме 3 илјади евра, што ќе рече дека месечно едно четворочлено тутунско семејство може да оствари 15 илјади денари приход и да каже дека колку толку се достоинствени граѓани на државата Република Македонија. Тогаш ќе можеме да ја браниме Владата, независно во кој политички состав е,

независно во која политичка коалиција е, и независно какви одлуки носи, ако однапред се предвиди, се испланира и се договори производството на тутун и понатамошното производство на цигари, во делот на глобализацијата и продажбата на македонските тутунски комбинати, Прилеп и верувам во иднина и Јака кои беа стожари на македонската економија. Тогаш ќе може државата со приватни газди, независно дали е тоа БАТ, или е Филип Морис, или е Митцибуши, јапонскиот концерн, да договори на каков начин ќе го детерминира тутунското производство во следните пет години. Тогаш можете да се надевате дека Македонија повторно ќе има еден нов Данчо Шутурков кој беше тутунски, како се нарекуваат, босови, од Атина до Италија и кој по мое, независно кој како толкува, беше гордост на македонската економија затоа што ретко кој човек со име и презиме се пробил во продажбата на тутунски производи, како што тоа го направи господинот Шутурков. Меѓутоа, тоа е мој став. Некој може да мисли и поинаку. Македонската тутунска индустрија тогаш ќе има шанси, затоа што имаме добра суровина, добри производители, добар квалитет на тутун, повторно, како во 1985 година, кога Македонија табак требаше да ја купи Тобачна, а не ја купи, заради тогашна политика на македонската држава, исто така, во друго време, јас тоа добро го паметам, а после 1999 година Тобачна го купи Тутунскиот комбинат Скопје. Така што толку ние сме отишле назад, а словенците отишле напред, јас незнам кога словенците била сила во тутунската индустрија во поранешната федерација, па и денес. Но, во прашање е концепт, во прашање е економија и во прашање е однос спрема граѓаните на државата.

Јас морам да кажам, мене лично многу ме заболе, господинот Ѓорѓиев што дискутираше, затоа што го почитувам како пратеник и така ќе ми биде чест и со него да соработувам и понатаму во Комисијата за земјоделство, меѓутоа споредбите кои ги даваше, јас ги слушав на ТВ, во канцеларијата на пратениците од Земјоделската партија, се споредби кои мораат да бидат потврдени со бројки, не споредби кои треба да бидат утврдени само во делот на мислење. Бројките се следни:

Просечните цени на тутунот, вкупни, ќе ви ги кажам од реколтата 1998/99 со реколтата од 2006 година. Да речеме реколтата од 1999 година е со просечна цена од 130 денари, реколтата 1999/2000 е 117 денари, реколтата 2000/2001 е 105 денари, реколта 2001/2002 е 115,2 денари, реколта 2002/2003 е 123 денари, реколта 2003/2004 е 121 денар, реколта 2004/2005 е 135 денари и реколта 2005/2006, пред овие договори, она што јас го видов на теренот кога бев кај тутунарите и во разговор со некои директори, до сега се движи некаде 105 или 110 денари. Тоа е мој податок, а можеби на крајот ќе покаже, но ова е податок каде бербата е 40% завршена, а можеби ќе биде и повеќе. Но, гледате дека цените се движат некаде просечно 120, 125 или 130 денари, во сите овие 8 години што ги кажав. Нема драстично отстапување. И оваа година можеби ќе биде така, меѓутоа, 500 тутунари веќе се легнати во постела, што беа на блокадите, дали прилепчани, дали битолчани, дали струмичани, дали радовишани. Луѓето некаде исто ака не се задоволни од откупот на тутунот. Проблемот е следен:

Кога зборуваме сега за цените, треба да правиме реална споредба. Што се случи во март 2003 година во Република Македонија. Државниот завод за ревизија ДДВ, по предлог на министерот за финансии, господинот Петар Гошев, по сите основи репроматеријали, ѓубре, семе, се се зголеми од 5% на 18%. За 15% поскапеа сите репроматеријали, најлон за расад и сушење, конец за нижење, ѓубре за растурање, сето тоа што беше нафта 5%, заштитни средства за тутунот, се отиде на 18%. За 15%, уште во март 2003 година отидоа сите цени на сите импути во тутунопроизводството, и просечно, ако за илјада килограми тутун, или за еден тон, понајдобра калкулација се вложува некаде само во тие репро материјали, без работна сила 50 илјади денари, ако пресметате 15% колку е тоа зголемено како ДДВ, тогаш ќе ви испадне дека 6.500 денари, 100 евра, е поскапено вложувањето во еден тон тутун. Помножете 20 илјади тони тутун што просечно се откупува, по 100 евра, ќе добиете бројка од 2 милиони евра годишно, поскапо ги чини тутунопроизводителите, тутунопроизводството во 2003, 2004 и 2005 година. За 4 години, тоа е влез на пари во Буџетот од тутунопроизводството, се 4,8 милијарди денари. Два милиони евра се 1,2 милијарди денари, по 60 денари. За пет милијарди денари сме ги олесниле џебовите на тутунопроизводителите, а цената, еве нека била поскапа и за 5 денари. Ако 1998/1999 година била 130 или 117 денари по 2000-та година, била 135 денари во 2005 година. Меѓутоа, колку повеќе плаќаат тутунарите по еден хектар, по 0,5 хектари, по еден декар. Тоа е проблематично, дека во март 2003 година без образложение, без дискусија, имаше дискусија и од мене за тоа, и од други дискутанти, меѓутоа се покачија сите стапки на ДДВ и не се оцени дека ќе се нанесе штета на земјоделците. После се чудиме зошто е нивниот револт голем. Тоа е реален показател, господине Ѓорѓиев. За тоа треба да се каже дека тутунското производство е поскапено за еден тон, земјоделците плаќаат 100 евра поголеми давачки за најлонот, за конецот, за ѓубрето за заштитните средства.

Втор пример. Кога во декември 2003 година се укина Фондот за земјоделие, тука имаше многу дискусии, се кажа дека тоа било криминална работа, фондот се задолжил, фондот украл пари, фондот трошел ненаменски пари. Ако го мразите попот не треба да одите во црква, ако сте верници. Ако директорот на фондот бил виновен, не значи дека Фондот треба да се укине, затоа што во фондот беа осмислени приходи, секоја година две милијарди денари, приходи од акцизи,

приходи од ДДВ, приходи од ветеринарни такси, приходи од фитосанитарни такси, приходи од се што влегуваше во прелевмани на увоз на свинско месо, млеко во прав и слично. Зошто се укина Фондот? Зошто министерот Гошев не сакаша парите што Фондот ги позајми од владините денарски средства, во тоа време. Не се задолжил Фондот во банки, се задолжил кај својата македонска влада. Тие девет милијарди денари што беа денарски депозит во Народна банка на Македонија, земал фондот кредит од 600 милиони денари и Владата не сакаше да го отпише тоа на Фондот, Владата не сакаше да им помогне на земојоделците, па тука кажуваше дека има таму криминогени работи, заради тоа минисерот Петров го укина Фондот. Ако има криминогени работи, си има суд, си има обвинителство, си ги гони работите. Меѓутоа, Фондот мораше да постои. И најголема сатисфакција, како човек, имам доживеано кога притиснав на интернет да видам што европјаните прашаа во ЕУ прашалникот за Македонија. Едно од првите прашања беше зошто немате платежна агенција преку која ги помагате македонските земјоделци. Зошто го немаме ние тоа? Само затоа што некој друг го направил Фондот? Можеше да се поднесе нов закон комплетно изменет и дополнет, па нека има фонд, ама во фондот беа ставени тие две милијарди што велам дек се пазарна економија, поддршка на македонските земјоделци. Беше измислен начин што се работеше две години, како од сметка на царината во прелевманите директно да се напојува сметката на Фондот. Сега, проблемот за ММФ е што фондот не беше буџетска институција, беше вонбуџетска. Меѓутоа, јас сум читал многу коминикеа на Фондот, многу резимеа и едно од клучните резимеа беше, токму концентрирањето на сите пари на буџетски сметки, го отежнува стопанскиот раст и за Македонија тоа се случи. Токму таа огромна конценрација на моќ во рацете на Буџетот на Република Македонија ги дестимулира другите економски процеси во Република Македонија, бидејќи јас пак ќе кажам не е се во финансиската димензија на државата. Јас сум бил финансиски директор во Скопско Поле, но таму имаше и комерцијален директор и технички и директори на фарми и на млекари и директори на производни погони. Сите се важни. Важен е и министерот за транспорт и врски, важен е и министерот за економија, важен е и министерот за одбрана, важен е и министерот за финансии. Кај нас се се концентрира, дури и таквите средства кои во Европа се, и во Бугарија се вон буџетски и во Грција дури Агенцијата за структуирање и развој добива пари од ЕУ на други сметки, не од Буџетот на Грчката држава. Меѓутоа, тоа за нас не важеше и еве ние го укинавме Фондот. Последиците се катастрофални. Три години земјоделците немаат никакви помошти од државата. Добиваат симболична помош, 9 милиони евра по еден хектар, по единица грло во 2004 година, во 2003 година ништо не добија. Сега ги намалија на 7 милиони евра. Тоа се аргументи кои се несоборливи. Затоа компарацијата не е примерна. Грешките не може да се простуваат.

Покачувањето на ДДВ во 2003 година, во март и укинувањето на Фондот во 2003 година во декември се гробари на македонското земјоделство. Тоа е уништување на Европската димензија на градење на македонското земјоделство, па вклучително и најсиромашниот слој, тутунарите во Република Македонија.

И конечно 2005 година. Секому му е јасно дека во 2005 година се случи најголемата нафтена криза, поголема дури и од 1981 година кога беше нафтен шок и кога сите светски земји беа соочени со кризи во своите економии. Нафтата за повеќе од три пати, по барел нафта отиде нагоре. Стигнаа до 50 долари по барел. Цените отидоа енормно високо, во просек некаде од 20 денари отидоа на 50 денари. Македонската држава не реагираше во 2005 година.

А сега за тутунопроиводството ќе ви дадам пример.

Да се произведе еден тон тутун потребно е и тоа под најдобри нормативи, пак со многу елиминирања на сите можни други празни одови. Значи пет декари или половина хектар да се произведе, секој декар по 200 кила тутун, ќе се дојде до е ден тон тутун. За 5 декари ви требаат најмалку 200 литри нафта за сите операции, тракторски операции, за да можете да ги произведете тие килограми. Ако сметате дека цената на нафтата поскапе за 30 денари, еве да не сметаме за 30 денари, нека биде 20 денари, сметајте дека за сите тие површини кои треба да се изораат тие осум илјади хектари под најминимална калкулација, потребни ви се по 400 кила по хектар, 3,2 милиони литри нафта. Ако сметате дека нафтата е зголемена, еве ќе кажам најмалку за 20 денари, кога ќе пресметате по тонажата на тутун, површините од осум илјади хектари и тонажата, 15 илјади тони минимум тутун да се произведе ќе добиете дека во Буџетот на државата се слеваат некаде околу 60 милиони од зголемената цена на нафтата. Тоа земјоделците не ги интересира. За нив нафтата е поскапа. Тие бараат регрес за нафтата. И тука државата не интервенираше. Сето тоа го говорам затоа што можеше за тие 3,2 милиони денари да даде по 10 денари минимум и тие 10 денари за нафта да овозможат тутунарите да имаат колку толку пристојна калкулација за производство на тутун. Тоа се егзатни бројки. Со овие бројки може да се полемизира на егзактен начин. Дали цената на нафтата навистина не е 50 денари? Дали навистина нема 8 илјади хектари по тутун? Дали навистина не треба 200 килограми нафта за производство на еден тон тутун. Дали навистина по еден декар се произведува меѓу 150 и 200 тони тутун. Тоа се бројки кои ми се извадени во соработка со научни соработници во тутунопроизводството. Или за ДДВ. Едноставно работата е во тоа. Јас го говорев тоа како модел за пазарна економија, дека пазарна економија може да биде и предвидлива и дека во

предвидувањето во пазарната економија се вклучени и елементи, на цени, на суровини, на репроматеријали, ѓубре, даноци, такси, сето тоа што утре може да претставува проблем во македонската држава. Тој проблем во македонскаста држава пак ќе кажам кога веќе се споредува примерно, како што споредуваше господинот Ѓорѓиев Драган. Во септември месец 2002 година се носи заклучок на Влада, тоа стои, можете да го побарате господине Ѓорѓиев, каде што се предвиде дека и за во 2002 година, реколтата 2002/2003 година требало да се додели 600 милиони денари за поддршка на тутунопроизводителите како премија, колку ќе се произведел, преку фондот за земјоделие. Владата во 2003 година и тоа не го операционализираше. Ако веќе говориме со факти што некој работел, што предвидувал и како правел, треба да се каже дека во 2001 година на земјоделците во Република Македонија беа поделени 10 милиони литри нафта, неповратно, под кои еден дел отиде и за тутунопроизводството. Но тоа не е проблем за споредби, бидејќи јас и господинот Ѓорѓиев ќе си останеме пријатели. Проблемот тука е дали ние пазарната економија ја гледаме како последица или како причина. Причината е многу поважна да се анализира затоа што можеме да одиме до згзатна бројка, до егзактен резултат што после можеме да го преточиме во акција, политичка, економска, социјална.

А, ние тука повторно ќе кажам првата реченица на оваа Информација читеме дека состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година е сложена и неизвесна. На такво нешто ние немаме право. Немаме право како држава, нас ни е дадено да управуваме со оваа држава дали како опозиција или позиција, граѓаните гласале за нас, ние сме тука во Парламентот, имаме претставници во Владата кои работат исто така бирани од македноскиот Парламент, бирана Влада, некој гласал за, некој против, меѓутоа нас ни се дадени инструментите и механизмите да работиме во интерес на граѓаните и да носиме закони, одлуки, уредби и секакви какво што Владата ги носи, кои што ќе ги задоволат интересите на граѓаните. Пак ќе кажам, не само голи бројки и стабилност на македонската економија. Три работи мора да направиме, три основни причини, намалување на сиромаштијата, намалување на невработеноста и зголемен стопански раст. Колку на ниво на Србија и Црна Гора, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска итн. Барем на толкаво ниво да имаме стопански раст. Зашто, пред десет години и се смеевме на Бугарија, тука во Парламентот, имаше дискутанти кои се смееја на бугарската економија, но бугарската економија далеку отиде пред економската економија. Да не ни се смеат утре србите, црногорците и босанците.

Од тие причини сметам дека Законот за тутун кој што се споменува тука како извор на сите решенија е само палијативна мерка, нас ни треба закон за замјоделство, хоризонтален, агрокод од кој што ќе произлезе и Законот за тутун и Законот за семе и Законот за сточарство и сите оние други понатамошни закони. Тој агрокод е во Законот за земјоделство така како што го има Словенија, така како што го има тој закон Франција. На таков начин ние ќе можеме да влијаеме врз процесите и да арбитрираме тогаш кога се нарушени тековите во пазарната економија. Да арбитрираме чесно како држава во интерес на своите граѓани и пак да не ја нарушиме слободата на пазарните законитости, така како што се САД, ЕУ или пооделни земји, не ги нарушуваат законитостите на пазарните текови. Дури тогаш ќе можеме да кажеме дека нам не е поважна главата од капата. За сега констатирам дека со вакви решенија капата ни е поважна, а верувајте, капи се купуваат, ама глава човек еднаш ја има. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Топузова вие сте прави за реплика, имате три минути.

**Роза Топузова -Каревска:** Благодарам претседателе,

Дискусиите на почитуваниот колега Марјан Ѓорчев ги почитувам, затоа што многу често има конструктивни дискусии, токму поради тоа сметам дека нема потреба од внесување на доза на популизам и демагогии, како што беше случај во оваа дискусија. А, зошто го кажувам тоа? Се сложувам со вас дека решенијата кои што се постигнуваат преку разговори се краткотрајни. Кажавте дека зборувате, ама од 2002 година рековте дека зборувате наваму. Кажавте дека субвенциите се укинати со Законот во 1996 година. Овде ги изнесовте светските искуства кои што вам ви биле познати и се е тоа добро.

Меѓутоа, сакам да ја потсетам македонската јавност дека вие бевте минисер за земјоделство, бевте во Владата на господинот Ѓеоргиевски и можевте, значи имавте можност да донесете и закон за земјоделството кое што сега го спомнувате, од кој што ќе произлезе и законот за тутун, така што сега немаше да разговараме вака и немаше да велиме дека состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година е крајно сложена и неизвесна за тутунопроизводителите. Тоа е реченица која што важеше и за многу изминати години, вклучувајќи ја минатата година 2004 кога тутунарите беа задоволни од постигната цена на тутунот и околу премијата сега говорите дека премијата која што се постигна за време на разговорите и со договор со премиерот од 30 денари е ниска и ги посочувате примерите колку има во соседните земји. Тогаш, исто така, ве прашувам, зошто во 2002 година кога исто така на друго место беа повисоки премиите, вие како министер за земјоделство доделивте примија од 15 денари што мора да признаеме дека е половина од она што сега го добија тутунопроизводителите. Ова се некои забелешки што ги имам на вашата дискусија, меѓутоа реков дека има одредени работи, за кои што бевте во право и требаше да се насочите кон

тоа за да можеме навистина да имаме една конструктивна дискусија во полза на тутунопроизводителите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев, имате реплика од една минувата.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван пратеник, госпоѓа Роза Топузовска-Каревска, само едно ќе кажам. Јас доволно кажав во периодот од 1999 година до 2002 година стапката на ДДВ беше 5%. Земјоделците, тутунарите плаќаа две милијарди помалку во касата на државата. Тоа се 30 милиони евра кои сега им се земаат од 2003 година од џебовите на тутунарите. Зарем тоа е мала помош. Во 2003 година се сменија стапките од 5 на 18%. Сто евра по еден тон тутун плаќаат тутунарите помалку, добиваа исправки во уредбата за правиот среден лист беше квалуфикуван од трета во втора класа по Правилникот за ценење на мострите и се додели бесплатно. Толку се можело во тој момент, а се однесува за закони кои според мене беа подобри од Законот за земјоделство, но за жал вие ги укинавте, ги суспендиравте.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски имате реплика од три минути.

**Слободан Најдовски:** Мојата реплика нема да биде насочена кон некое препукување или на било кој начин толкување, туку чисто појаснување или недоразбирање за некои одредени работи кои при нашата дискусија сме ги изнеле. Внимателно го слушав господинот Ѓорчев и во многу работи се согласуваме по однос на мојата дискусија која што вчера ја имав, но да појасниме три работи.

Прво, драго ми е што господинот Ѓорчев, од она што јас можев да го сфатам, да не ме сфати погрешно дека прифати, за разлика од она што беше порано практицирано дека пазарната економија е основната насока за тутунопроизводството. Значи, и тој како еден од многуте министри за земјоделство во овие 15 години прифати дека беше погрешен чинот на решавање на тутунопроизводството преку стоковите резерви и со издавањето на државни гаранции при откупот. Ако е така, навистина, го поздравувам тој чекор во размислувањата.

Второто прашање околу кое што малку имаме не поинакви гледишта, туку поинакво поставување на работите околу Фондот за земјоделство. Јас на прилично млади години во Македонија прв прозборев за формирање аграрен буџет некаде во 1986 година, не по лична моја иницијатива, по еден човек кој и господинот Ѓорчев го познава, мој поранешен пријател, господинот Драган Веселинов, поранешен министер за земјоделство на Србија. Но, во што е разликата? Разликата е што Фондот кој што беше формиран во Република Македонија не беше поставен на реални основи. И самиот господин Ѓорчев кажа дека првите пари кои што влегле во Фондот се 900 милиони или колку рековте, позајмени од Народната банка, што значи сме потрошиле нешто што не сме го создале, ниту пак државата може да троши, ниту човек, ниту домаќинство може да троши нешто што не го создале. Во тоа се состоеше проблемот зошто тој фонд, иако лично сметам дека треба да има посебен аграрен буџет во Република Македонија .

На крајот, со оглед на времето на репликата, околу премиите, можеби располагаме со различни податоци господине Ѓорчев, но премијата која што ја спомнавте за Бугаија не е така. Моите податоци се дека субвенционирањето е спрема различни типови на тутун. Најниската премија во Република Бугарија е 0,38 центи од еврото, а највисоката е 0,78 центи, а да не зборуваме за две евра. Во Грција најниската е 2,38, а највисоката 3,92. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев, имате една минута реплика.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе.

Господине потпретседателе, можам да ви кажам не дека јас сум тој што повеќе ги разбира стоковите резерви, треба американците да разберат. Најбогата институција во САД се федералните државни резерви во стока и во пари. Имате федерални државни резерви во САД во пари и федерални државни резерви во стока. Најмногу од американската пченка и пченица се продава преку федералните државни резерви. Ако Америка тоа го прави, не знам како ние можеме, една мала земја, ако не сме го читале, Милијанскиот дијалог да се споредиме со еден голем светски џин.

Второ, и јас со господинот доктор, голем човек, господинот Веселинов сум разговарал за фондот. Ние не земавме непостоечки пари. Ние земавме пари од депозит на Владата 9 милијарди денари во Народната банка на Македонија. Не од Народна банка, од владини пари. Владата со одлука тие пари ги пренасочи во Фондот. Во 2003 година министерот Гошев не сакаше тие пари да ги одобри за да ги користи Фондот за земјоделство.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорѓиев, имате три минути реплика.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Ѓорчев, јас ги почитувам вашите заложби од говорницата за развој и поттикнување на земјоделството. Меѓутоа, верувам, а мислам дека и вие верувате во тоа што го зборувате. Но, тоа не го покажавте на дело тогаш кога најмногу можевте, кога бевте министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. Дали тогаш не размислувавте така, дали тогаш не успеавте да го убедите министерот за финансии за повеќе пари во тутунопроизводството и зошто немавме ниедна измена во таа насока. Сакам да ми кажете дали од Фондот за земјоделство, шумарство и водостопанство дадовте пари во време од 4 години за развој и поттикнување на тутунопроизводството, колку пари беа тие. Моите

информации и бројки кои што беа по цената на тутунот, просечната цена се однесуваат на информацијата за состојбата со откупот на суровиот тутун од родот 2005. Таа информација е од Државниот инспекторат за земјоделство. Не знам вашите информации од каде се и тоа кажете го, затоа што оваа информација е од јануари 2006 година, каде што во 1999 година просечна цена беше 99 денари, а во 2004 година 137 денари. Понатаму, единствената ваша одлука која што ја имам овде од 2 јули 2002 година се однесува за премија од само 15 денари по килограм тутун и таа не е исполнета во целост, затоа што имате неисплатени производители во откупните претпријатија од Кавадарци, во "Агротабак" во Неготино 18 неисплатени производители, во "Кочани -Табак" неисплатени 26 производители, во "Далија-Табак" Делчево неисплатени 10 производители и овие неисплатени средства и за овие средства се водат тужбени барања и до денес не се исплатени. Исто така, за Фондот за земјоделство имаше големи забелешки од страна на Европската унија и тие сугерираат воспоставување на системи за управување и квалитет, какви што се платежната агенција и интегрираниот административен и контролен систем. Затоа што, вие преку Фондот дававте финансиски средства на приватни фирми, не заштитувајќи или необезбедувајќи механизми за враќање на тие кредити што ги давате и голем дел од тие пари одеа во приватни џепови. Го немавте тој механизам и Фондот така како што сакаше ги делеше парите. Впрочем, ако имало толку средства во Фондот за земјоделство, како може во рок од 4 години да не најдете пари за тутунопроизводителите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев имате реплика една минута.

**Марјан Ѓорчев:** Видете господине Ѓорѓиев, јас кажав веќе еднаш каде е најголемата заштита. Данокот на ДДВ, дали можете да сватите дека 5 милијарди им земавте од џебовите на тутунарите во овие 4 години во периодот од 1999 година до 2002 година им беа во нивните џебови. Ако тоа не е помош во таа ставка, што може да биде друго.

Второ, да ви кажам господине Ѓорѓиев, мене ми е најголема гордост што слободно се шетам низ Македонија како опозиционер, сам со својата кола одам меѓу тутунарите и никој ништо лошо не ми рекол до сега дека не е задоволен. Од тоа нема поголема сатисфакција. А, како ќе шетаат сегашните министри меѓу народот, тоа јас не знам, дај боже слободни и тие како мене што шетаат, народот да ги пречекува да бидат задоволни како што незадоволен кога се среќавав со тутунарите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Ако ве разбрав добро, кога немало ДДВ тоа било најголема помош за земјоделието.

**Марјан Ѓорчев:** Ако ова е реплика, би сакал да ви одговорам.

Не е убаво човек да се фали. Меѓутоа, ако се проверат бројките колку е интервенирано во земјоделството во период од 1999 до 2002 година. Фрапантна е разликата, господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Јас ве сватив што сакате да кажете, само едно е субвенција да се дадат пари, а друго е нешто што иде со закон како ДДВ. По вашата логика 5% ДДВ исто така биле лоши, затоа што пред да се воведе ДДВ, не им се земале ни тие 5%.

**Марјан Ѓорчев:** Господине претседателе, еве за еден податок. Нека израчуна некој колку се 10 милиони литри нафта бесплатено поделени на земјоделците.

**Љупчо Јордановски:** А, тоа е друго. Вие зборувавте за ДДВ.

**Марјан Ѓорчев:** Нека направи колку пари е тоа по 50 денари, ќе види дека тоа се 500 милиони денари и тоа е вистинска субвенција.

**Љупчо Јордановски:** Аргументот за ДДВ јас го ставам на расправа, а за ова другово не коментирам.

Господине Србиновски, повелете, имате збор.

**Илија Србиноски:** Благодарам почитуван претседателе,

Еве, поминаа два дена за расправа околу ова Информација и јас би сакал нешто да прокоментирам за маката на тутунопроизодителите, што значи оваа култура. Секогаш зборувам дека земјоделското производство на сите нас ни е познатао дека во Република Македонија преставува основен столб за развој и опстанок на државата. Меѓутоа, една од тие гранки е тутунопроизводството. Ако се занимаваат со оваа гранка околу 30 илјади луѓе во државава, овој слој е најсиромашниот слој од населението. Мора да се каже на овие луѓе единствен избор на пари им е тутунот. Ние знаеме на тутунарите дека маката им трае со години, но како оваа година никогаш не било вака, па и претходните и оваа година, посебно е катастрофално. Ова може да го почуствува само оној кој што одгледувал и произведувал тутун. Оваа култура бара најголем човечки труд. Секогаш кажувам, ако земеме еден пример, ако едно четворочлено семејство приозведува од 500 до 800 килограми тутун и ако му се плати по сто денари, вие почитуван претседателе сте математичар пресметајте за 500 килограми тутун, колку тоа четворочлено семејство ќе добие. Ќе добие 50 до 60 илјади денари за цела година, кое ова четворочлено семејство се мачело и произведувало, а каде се тие останатите трошоци за овие пари што ќе ги добие. Државата некаде ќе го продаде тутунот од 300 до 400 денари по килограм. Значи, маката на овие тутунопроизведители е тешка и горлива и затоа не е исплатлива оваа култура.

Сакам да напоменам дека ваков начин луѓето што го произведуваат овој македонски стратешки производ ќе бидат фрлени на маргините од

државниот интерес со вакви ниски цени тие не ќе можат во иднина да помислат да ги засејат површините со расад. Тоа ќе предизвика големи штети во стопанството, затоа што тутунопроизводството е врзано со тутунската индустрија. Затоа, државата мора да интервенира да го заштити населението од овој слој на граѓани кои се занимаваат со производство на тутун.

Во тој контекс врз основа на стратегијата за развој на земјоделството, според која тутунот е приоритетниот извозен потенцијал, неопходно е да се донесе национална програма за стабилизирање и оддржлив развој на тутунското производство. Со тоа да се работи на подолгорочна проекција до 2010 година каде ќе бидат поддржани програмите, мерките, инструментите за стабилизирање на производството од 25 илјади тони во Република Македонија. Мислам дека оваа Информација, господа е изнудена информација. Ако претходно не беа собирите создадени, јавните собири од тутунопроизводителите, немаше да дојде до оваа информација. Но, маката ги натера тие да излезат на тие протести, на тие патишта на минус 15 и минус 20 степени, маката ги натера да излезат. Зошто излегоа? Излегоа затоа што не им е платен и откупен тутунот. Реков дека и 100 денари нека е откупна цена не се исплати оваа култура веќе да се сее, да се сади и да се работи. Зошто, затоа што претходно кажав колку има доход од оваа култура.

Мислам дека од пратениците од владеачката коалиција направено е лицемерие и направена е една брзопотезна информација, а која претходно Владата кажува дека наводно доделила по 30 денари по килограм. Но, се прашувам како тие 30 денари ги додели, со кој закон, од каде оцени дека треба 30 денари да се даде на тутунопроизводителите по килограм. Зошто кога во една Хрватска е дадено 45 денари или во Србија, зависно од типот на тутунот или во Бугарија итн. Меѓутоа, овде анблок  се даде 30 денари, а тоа не е реализирано со закон. Се кажа по весниците дека ќе биде во мај, во јуни, што јас воопшто не верувам дека ќе се исплатат овие пари.

Не верувам во оваа Влада дека ќе се доделат овие пари. Зошто? Затоа што поминаат три ипол години, а ништо не е платено ни пченицата, ни грозјето, ни шеќерната репа, ни млекото, ништо не е заштитено од земјоделското производство така што и тутунот ќе биде во оваа ситуација, нема да биде исплатен по 30 денари. Камо среќа да се исплати, меѓутоа, не верувам.

Ако требаше да им се помогне на овие земјоделци, на овие тутунопроизводители ние имавме амандмани кога се носеше Буџетот и ако имаше доблест оваа Влада и ако имаат доблест овие пратеници, тогаш ќе ги изгласаа тие амандмани што ги предложивме за време на Буџетот. Предложивме колку треба средства за земјоделието за да се помогне на овие земјоделци. Но, сето тоа беше џабе.

Затоа кажувам дека не верувам во оваа информација и она што го донесе Владата, кажав претходно дека поминаа три години, но на земјоделското производство не е помогнато ниту цент во Република Македонија на овие земјоделци.

Толку имам за оваа информација, ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, има збор пратеникот Фатмир Асани.

**Фатмир Асани:** Благодарам господине потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Иако бев во дилема дали да дискутирам денеска во однос на оваа Информација, сепак, бидејќи доаѓам од општина која над 90% пред неколку години се занимаваше со производство на тутун, самиот сум бил долго време производител на тутун, почнувајќи од 5 годишна возраст и добро знам како се произведува и колку напор се вложува за производство на тутунот.

Доаѓам од општина Липково која години на ред даваше над 10.000 тони тутун секоја година. Поради тоа одлучив во текот на дискусијата по оваа Информација да кажам и јас тоа што го знам.

Одбивањето со недели од страна на актуелната власт за решавање на прашањето на одгледувачите на тутун во Македонија го свртe вниманието и на јавноста. Сеуште не ми е јасен фактот зошто оваа Влада да не го земе за сериозно реагирањето на сите оние кои со својата пот при производството на тутун ја обезбедуваат горката егзистенција за своето семејство.

Ова владино дејствување нема ништо заедничко со нормите на однесување во демократијата. Ова кажува за позадината дека некој е мотивиран за интереси кои се индивидуални заборавајќи го овој слој на население и оставајќи го овој слој да се уништи во својата беда.

Со некој компромис кој е едно привремено решавање на проблемот Владата настојува уште еднаш да ни продаде финта дека кобајаги излегува во заштита на интересот на тутунопроизводителите. Ова е уште една измама што се прави во функција на предизборната кампања. Владата еднаш за секогаш треба да го реши проблемот на тутунопроизводителите, а не тоа да го прави со привремена инфузија која не нуди долгорочни решенија за овој голем проблем.

Почитувани колеги пратеници, никој и ништо не може да не спречи да ги помогнеме производителите на тутун на легитимен начин да ги бараат своите права затоа што никој не смее да им го оспори трудот кој го вложиле во текот на производството на тутунот. Во спротивно, секое друго дејство би било нелегитимно и потсмевачко.

Оваа Влада и сите ние треба да го прифатиме фактот дека производителите на тутун уште еднаш успеаа  да ја дигнат од сон оваа актуелна власт. Доколку не беа протестите на

тутунопроизводителите во Прилеп кои траеа со недели секако дека оваа Влада немаше да го постигне овој договор кој е привремен со тутунопроизводителите. Тие и овој пат постигнаа до некаде да ги добијат парите за својот труд, но ова се направи само заради протестите кои следеа од земјоделците во Македонија. Протестите покажаа дека имаат чувствителна вредност, секако и другите протести се соодветни со нивното право и нормите на демократијата . Тие што го обработувале своето земјиште логично е да бараат да им се признаат нивните барања за надоместок и со пазарна цена за нивните производи.

На сите ни е јасно дека премијата од 30 денари дадена само за оваа реколта не е никаква гаранција кон производителите на оваа земјоделска култура. Затоа оваа Влада има обврска да понуди постојано решение наградувајќи ги производителите на тутун на начин кој тие го заслужуваат без условување во цените како што се случи.

На крај, сакам да кажам неколку збора за 2002 и 2003 година. Се знае дека во Општина Липково таа година се произведоа 240 тони тутун и со интервенција на заменик министерот за земјоделство во тоа време им се даде гаранција дека набрзо ќе се изврши плаќање на тутунот, но до ден денес по 4 години тутунот тие 240 тони и тоа по 50 денари, со многу ниска цена, дадени се само 50% од парите, а 50% сеуште не се исплатени.

Тоа што е најлошо од парите кои ги должи 7% се даваат за кирија кои ја немаат платено за тутунот кој се наоѓаше во хангарите на Општина Куманово.

Иако актуелниот министер е од таа општина, тој не е тука, нема да говорам за него, меѓутоа, ќе го замолам да ја изврши исплатата на реколтата 2002-2003 година и да не чека како земјоделците од Прилеп да застанат и тие пред Владата да протестираат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Асани.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Фловоски:** Почитувани пратеници, почитуван министре за земјоделие, очигледно се претворил во дух, па не можам да го видам. Загрижувачко е при една ваква точка, за жал, да немаме претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, па и претставник од Министерството за финансии, човек кој води сметка меѓу сето она што значи финансиски опстој на државата, покривање на трошоците во кој дел спаѓаат и самите тутунари, како чинители на македонското општество чија бројка не е мала. Според информацијата на Владата за 2002 година се работи за 40.000 македонски фамилии производители на тутун, претворено во бројки, од тутунот живеат близу 200.000 луѓе, што од прилика претставува 9,8-9,9 можеби и 10% од целокупното македонско население според последниот попис.

Трагично е при една ваква точка да немаме претставник на Влада, говорам за министерот и за неговиот заменик, можеби министерот не е тука од оправдани причини, отвора и затвора вентили некаде, но да не говорам за тоа да не ми се земе за зло, сакам да проговорам со факти проткаени со одредени политички проблеми затоа што во државата е се исполитизирано и измешано со политика. Ние, сакале или не, мора да инкорпорираме дел од политичките проблеми кои се поврзани на некој начин со денешната точка за која расправаме.

Прво, сакам да ја поздравам оваа иницијатива, сакам искрено да настапам, без злоба, без зла намера да ја поздравам иницијативата, да ги поздравам предлагачите и на старт да ви кажам ова што е дадено од предлагачите ќе му дадам апсолутна подршка. Да се нема дилема сум за решавање на проблемите.

Но, исто така, нема да прифатам некој од пратениците да ми дава реплики од едноставна причина затоа што ако некој треба да одговори на овие прашања и треба да ми реплицира, во најмала рака овде треба да биде претставник за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Јас не ги прашувам пратениците од позиција што се случува, директно се обраќам до Министерството и до македонската Влада. Сакам да кажам никој од пратениците не сакам да се прави поголем папа од Папата и да се преземе улога на министер или заменик министер за земјоделие.

Живо се сеќавам на таа 1992 година кога Македонската држава беше во зародиш на овој плурален систем кој го воведовме каде ние како пратеници уки, неуки, непознавачи на демократијата, но знаевме во кој правец треба да се движи државата. Во тој период, говорам пред Владата на господинот Црвенковски, премиер беше господинот Кљусев, зацртавме една многу важна и битна работа, ја дефиниравме Македонија каква земја е, дали е индустриска, аграрна, полу индустриска, целосно аграрна и сите факти кои ги слушнавме тогаш и од позицијата и од опозицијата, имавме заеднички стремеж да ги решиме проблемите, дојдовме до заклучок дека Македонија е аграрна земја и дека Македонија утре треба да се движи во тој правец, да поентира, а од самото поентирање да се слеат пари во македонската каса кои ќе се преточат во македонски буџет и се дисперзираат до обичните граѓани, вклучително и тутунарите.

Тогаш определивме 7 стратешки производи кои се произведуваат во Македонија. Ќе ви набројам некои од нив. Приоритет беше тутунот. Се даваше огромна важност, па шеќерната репа од Битолскиот крај, па оризот од Кочанско, па раноградинарските производи од југоисточниот дел на Републиката итн.

Но, за жла, се измешаа лончињата, се тргна по сосема друг правец и стигнавме до она што стигнавме во овие 15 години, без да апсолвирам

некого како добар или лош и денеска бараме чаре за актуелните состојби.

Значи, Македонија е дефинитивно аграрна земја, немаме силиконска долина по примерот на САД-Калифорнија, но затоа го имаме Струмичкото поле, Кочанското поле, Радовиш, Прилеп како центар на тутунопроизводството, а имаме Пелагонија од каде доаѓа господинот потпретседател, која ја храни Македонија, ако ја немаме и таа ќе немаме ни жито и ќе плачеме за леб.

Ќе ве вратам назад во историјата во контекст на тутунот.

Првиот министер во 1945 година, за земјоделие Богоја Фотев -Илинденец, падна како жртва на една непринципиелна политика. Првиот претседател на Президиумот Методија Андонов-Ченто, падна како жртва меѓу кои како гревови му се препишуваат кога рече дека парите од македонскиот тутун треба да останат во Македонија, а не во Централната банка во Белград. Како парадигме дека Македонија е дефинирана каква држава е не како општествено уредување .

Да не се навраќам наназад низ историјата, има многу работи кои држат од опозицијата, има работи кои држат од позицијата, вчера разговарав со потпретседателот кој денеска ја води седницата дека чарето треба да го бараме во иднина на друго место не како местоположба, како производство затоа што, според она што го слушнав и она што го направив како консултации луѓе кои ја познаваат оваа проблематика, а јас излегов како активен чинител, бидејќи сум пушач и трошам од тој тутун има право да застанам овде и да говорам  дека мора да се гради стратегија, она што и потпретседателот го кажа за идните дејанија дали македонскиот тутун и воопшто тутунот на балканските простори ќе биде профитабилен, доходовен имајќи го предвид една хипер продукција и дека Балканот е презаситен, но тоа не е ниту моја работа, ниту ваша работа, тоа е работа на експерти. Утре кога тутунот постепено ќе се уништи кои градинарски култури ќе ги садиме? Не сум експерт за земјоделие, не можам да говорам, тие што треба да говорат и градат визии што со тие десетина илјади фамилии нека останат како тутунопроизводители, што со останатите 30.000 фамилии, на што ќе се преориентираат. Тука треба да се позабават експертите за земјоделие, па да се вмешаат експерти од МАНУ за земјоделие и да се гради една долгорочна стратегија за Македонија како аграрна држава која утре на тој широк европски пазар ќе ги пласира своите здрави, без пестициди производи како ценета и добро исплатлива стока.

Што слушнавме вчера и денес? За жал вокабуларот и она што беше кажано од одредени пратеници на позицијата, без да ги именувам, ги содржеше истите квалификации кога говоревме за точката за јавни собири. Никој не ги прекина и нека е така, да говориме отворено затоа што економските проблеми, социјалните проблеми ако дозволите да ескалираат ќе се претворат во политички проблеми.

Наравоучение до сите идни влади работите да си ги решаваат на време од жар да не прерасне во пожар и после да слушаме квалификации дека сето ова што се случува е политички инструирано од одредени политички партии. За јавните собири се спомнуваше ВМРО-ДПМНЕ, па ВМРО-Народна партија, па утре ќе се спомнува СДСМ и тука нема ништо страшно, утре одредено незадоволство некоја друга политичка гарнитура која ќе ја води оваа држава СДСМ и другите коалициони партнери да го искористат и се случи народ. Јас тоа го сваќам исклучиво како демократска придобивка, но при тоа без употреба на насилие.

Сето ова што го слушнавме од позицијата не го сватив како маркетинг, сакам да го сватам како добронамерен гест, но , за жал, постои уште еден факт дека пратениците на позицијата и покрај сопствените напори доколку ги прават, што би рекле србите : немаат проѓа кај сопствените министри, тоа е една страшна работа

Ако господинот Гешоски доаѓа од Прилеп кај минситерот за земјоделие, зборува за проблемите на тутунарите, а минситерот за земјоделие не презема ништо, или, господинот потпретседател говори за пробелмите во Пелагонија, истиот тој министер кој отвора и затвор авентили не прифаќа ништо. Дали фотељата им го одзема умот на луѓето, не знам што е во прашање, но факт е едно дека истите тие луѓе кои до вчера шетаа по скопските улици, кога ќе седнат на овие фотељи, или градовите од кај што доаѓаат, буквално заборават се и сешто, дури и на она што ветуваа. А, се ветуваше многу. И, ќе се ветува повторно многу.

Така што, квалификациите дека од штрајковите на тутунарите,па и општо на самото земјоделие, некој сака политичкии да профитира. Значи, сите ние или сите оние кои не расчистиле во сопствените ментални склопови, дека било кој, еве да ги крстам бранувања во државата од социјален карактер може да прераснат во политички, не треба воопшто да ве плашат. Затоа што секоја нормална политичка партија ќе гледа тоа да го исползува.

И, ми текна моментално на наслов, сега, на еден фил, се викаше "Има ли пилот во авионот" и, се псотавува прашањето со сите овие пробелми на земјоделието, посебно на тутунарите, па утре ќе се јават производителите на ориз од Кочани, па производителите на шеќерна репка и што јас знам. Кога велам - има ли пилот во авионот, се прашувам има ли минситер за земјоделие во Владата на господинот Бучковски? Затоа се псотавени ресорите, секој да си го покрива сопствениот ресор и на време да реагира.

За тоа кога говорев за јавните собири реков дека господинот Бучковски, иако кај него верувам дека постои желба да ги расчисти пробелмите, опкружувањето му е многу лошо. Што е факт. И

примерот со тутунарите, па носиме Закон за јавни собири што мислиме дека ќе спречи одредени бранувања. Не господа. Ако на тие производители не им се плати на време, ако говори празниот стомак место умот, колку сакаме да носиме декрети, закони за јавни собири, тој ќе излезе овде без страв, без да се плаши од можните последици, од можните реперкурсии, затоа што фамилијата му гладува. И, ќе ги бара сопствените права. Тогаш може, подржани од СДС, ако ги изгубите изборите, и тука повторно нема лутиш. Секој оној кој ќе излезе во тој иден парламент да каже дека тие се политички изманипулирани, не држи вода. Па, која е улогата на политичката партија и дејствувањето? Улогата е една единствена, со својата политичка платформ аи програма да дојде на власт и имлементриа или вгради она што пред народот го говори.

Но, за жал, многу работи актуелната власт што ги говорела не ги спровела или не сакал да ги спроведе или не можела да ги спроведе. Значи, се работи за немање желба, за несакање и за сакање ама немање соодветни кадри. И кај министрите и во самите министрерства.

Лесно може да се искористи било кој социјален проблем да се претвори во политички. Кога говорам за вокабуларот, мислев на овие анстани што следуваа, па вчера на " Светла точка" пробелми со ЕСМ, па задутре на некоја друга емисија ќе се викнат тутунари од една и од друга страна, па ќе говорат за пробелмот на тутунот, па ќе се јават квази експерти и не можам да се изначудам на една работа господа, господинот Бучковски покрај, тутунарите прими на разговори еден директор на актуелна телевизија, А-1, господинот Рамковски. Јас се прашувам, во кое својство присуствуваше тој таму? Бил на времето тутунар. Па и дедо ми Александар, па и татко ми Бог да го прости и тие нижеа тутун. Врз таа основа и јас можам да се појавам. Јас не сум нижел, бидејки сум растел на асфалт, но татко ми и дедо ми нижеа тутун. Ги слушав макитe што ги кажуваа како дете. После не ме интересирало тоа како повозрасен, пред да влезам во овој пурален свет на македонското општество.

Никој од позицијата, од пратениците, па и предлагачите, како грев треба да им се земе, овде не проговорија што бараат такви квази тутунари што се повикуваат дека на времето саделе и нижеле тутун, а таму со мегафонот водат политички митинзи. Мене, навистина не ми е јасно веќе што се случува во државата, верувајте. Заборавајќи, при тоа, дека истиот човек должи на одредена американска банка 1,5 милиони долари што сокамата станаа три милиони. И покрај апелот на американските судови, него уво не го боли.

И сега се прашувам, во кое својство тој човек присуствувал? Утре и јас ќе се приклучам на тутунарите и ќе кажам дека дедо ми Александар, татко ми Анастас нижеле тутун, господо, јас ќе говорам во ваше име. Нели е глупаво, небулозно е. Е тоа е користење маката на тутунарите. Тоа е нерпинципиелно, нечовечно, би рекол. Знаеме дека има формирано нова политичка партија, нека му е со среќа. Тоа е буквално манипулирање, на што, господо од опозицијата ниту еден од вас не реагираше. Реагиравте на искажувањата на опозицијата.

Затоа се нервирам кога нема ниту еден претставник од Министерството за земјоделие. Тоа е уште едно непочитување на овој Парламент, на овие 120 пратеници овде. Па, не сме ние магарињa овде да говориме, а никој да не го слуша нашиот глас. Ова се граничи...

(Дофрлање од место)

Не говорам за пратениците, говорам за министрите.

Ова се граничи со крајно безобразие. Ова ме потсетува на она народното - кучињата лаат, караванот врви. Не може по таа логика, господо, да се работи. Тој мора да е присутен овде или негов заменик. Затоа што говориме за дупло прашање. Па, утре ќе се чудите кога ќе ги изгубите изборите, зошто сте ги изгубиле. Поради ваков однос. Затоа што тие што им се дадени мандати да работат, ги нема никаде. Ги нема никаде. И, во наше време имаше такви минситри, но под наш притисок некои успеавме да ги искешираме надвор. Затоа што си преземаа улога на спасители, месии, во тогашните политички гарнитури.

Ова ви го говорам како наравоучение, како човек кој ги поминал овие работи овде и гледал што се случува.

И, ќе ги усвоиме заклучоците, што апсолутно држат вода. Ги поздравувам. Но, прашувам дали Владата, дали Минситерството, иако ова колку е обврзувачко на хартија во практикаколку ќе се примени, не знам, познавајќи го господинот Поповски дека некако тешко брца рака во џеб да извади пари да плати, а и написи овде "Поповски порачува на Дураку да си најде пари за тутунот", па што е тоа разногласие, бе, господо, во една Влада што треба да ги решава проблемите? Зошто такви дисонантни тонови се испраќаат?

Сега, јас како пратеник се прашувам, вистина ли е дека на луѓето ќе им се платат субвенцииод 30 денари? Вистина ли е дека од секоја кутија продадена цигари три денари ќе се одвојат за тутунарите? Јас прашувам, затоа што минситерот за финансии или некојод неговиот кабинет велат дека Дураку, како минситер за земјоделие да си најде пари. Буџетот за што е? За што е Буџетот? За што се тие милијарда и скоро 700 милијони евра? За што се тие милијарда и 200 милијони евра девизни резерви што со продажбата на 27% од Телеком ќе се зголемат, 200-300 дај Боже и 500 милиони евра. Што подобро се продаде, подобро за државата и за сите нас. Но, не да се чуваат во девизните резерви. Да се дисперзираат меѓу обичниот човек. Џебовите им се празни. Никој овде, верувајте, не излегува од ќејф. Излегува зошто навистина има мака.

И сега, кому да верувам? Апсолутно ќе дадам подршка и на она што се случуваше во

Комисијата и на заклучоците, параметрите од Владата ги видов колку е мрднато од овие параметри, не знам, сега го видов материјалот. Не можам многу компотентно да говорам за она што овде пишува. Не си преземам месијанска улога, но сакам да се слушне гласот онака како што јас го чувствувам. Мојот глас. Онака, како што разговарам со мои колеги, онака како што разговарам и со луѓе кои биле инволвирани на некој начин. Илибиле штрајкувачи или учествувале или се приклучиле на тие тутунари.

Значи, моите искрени желби да се исправи нешто, да тргне работата напред, работата мора да тргне напред господо, од онаа мртва точка. Ова, од сега па натаму мора така да се гледа. И некоја идна влада, не да ветуваме, помалку ветувај повеќе исполнувај, мора овој народ да види бел ден еден ден.

Маткање со Европска унија и НАТО не ги интересира, верувајте. Ги интересира општиот, голиот живот. Исто како мајка ми да ја прашате, која има 78 години, дали и е битно да влеземе во Европска унија? Мајка ми ќе ви одговори не битно ми е Македонија да опстпо и да живееме добро. Верувам дека грото од населението,она што не е инволвирано во политиката и во одредени политички манипулации, без разлика на политичките провиниенции не ги интересира, верувајте. Дајте пари да преживееме.

Мора да се изгради стратегија. Вчера, на господинот Најдовски му кажав, она што го говореше апсолутно држи. Не само што апсолутно држи, туку мора да се спроведе. Дали постои политичка волја во оваа Влада? Дали ќе постои политичка волја во некоја идна влада? Не знам. Но, ако веќе проблемите со тутунот се толку сериозни и во иднина ќе ескалираат, ќе има уште поголеми пробелми, потежок пласман, не ќе може толку да се плати, ќе има голема конкуренција на тутунот од Турција, од Грција, од Бугарија и т.н. и т.н., тогаш чарето е во научниците. Во она што значи интелектуално тквио во област ана земјоделието.

Што ќе садат тутунарите во Прилеп, прашувам? Има ли некој визија? Што ќе садат тутунарите во Радовиш? Еве, има пратеници. Таа почва, толку испостена со садењето на тутун, ќе трпи ли некоја друга култура? Да видиме пред нас писание, долгорочно, 15 до 20 години однапред во која насока ќе се движиме. Секоја година се смалува, не знам колку хектари покриваат производителит ена тутун. Не е ни битно. Ако градиме стратегија за 10 години, за 5% годишно да се смалува производството или 10% производството на тутун, со тоа што ќе се гради стратегија со садење на други култури што ќе се пласираат надвор или државата ќе врши откуп, како што Грција на времето го правеше со квалитетни производи со калибрирани производи.

А, што се случува? Па јас, искрено да ви кажам, ако не беа штрајковите и луѓето не излезеа на улица, дадов коментар за ова и со мегафонот, не сакам повеќе да коментирам, тешко дека Владата ќе имаше слух да преземе одредени дејанија. И покрај желбата на одредени пратеници да го решат пробелмот восопствените краеви. Јас сум убеден дека и кај Караџоски и кај мојо тколега Блаже и другиот Благоја од СДС дека луѓето им доаѓале дома, им се јавувале, им кажувале дека имаат проблем. Тие се јавувале во Министерството, па и до Владата се обраќале, приватно разговарале дека мора да се реши проблемот. Никој не ги слуша. Претпоставувам дека така одат работите, така оделе и во наше време. Но, одговорноста е највеќе кај пратениците од позицијата, затоа што веи сте тие кои ја потпирате оваа Влада и ја давате власта, мнозинството. Што може да направи Караџоски, Блаже Стојаноски? Ништо. Може да говорат овде, може да ги сослушаат тутунарите, да изложат одредени предлози и да се приклучат на самиот предлог и е добро што се приклучија. Значи, овде фигурираат и позиција и опозиција. Тоа значи дека не се работи за партиски решенија. Се работи за живи, горечки пробелми. А тие го тиштат овој народ. Повторно ќе кажам, за поздравување е оваа работа. Ова требаше Владава на време да го заврши. Не во времето на Бучковски како премиер. И во времето на Црвенковски да се решаваат пробелмите.

Не сум експерт, ќе прашам, не до пратениците, зошто е укинат Фондот за земјоделие? Се уште не ни ми е јасно. Навистина не ми е јасно. Тој Фонд функционираше. Немаме. Од друга страна, минситерот за финансии му вели нема пари, снаоѓај се. И, што ќе се случи сега? Пратениците кои доаѓаат од тие краеви ќе ми кажат - се договоривме со Владата, не излажавте. Кој треба да гокрка стапот? Матичните претставници на народот кога ќе се вратат дома.

Прво, не е фер. Затоа што тие пратеници ја потпираат Владата за да може да ги ужива некој благодетите, од друга страна не им даваат на пратениците ниту ронк апомош, да се изгаси она жариште. Не пламен. Ако тргне пламенот, отиде се. Како што отидоа и двете училишта во Радовиш, па децата сега ќе ни учат дисперзирано низ селата во Радовишко. Ова во контекст на она што го говорев.

И, да не беа предлагачиве, јас не знам дали навистина ќе имаше предлог. Имам чувство дека министерот за земјоделие или цела Влада, ако можам да кажам цела Влада, ја имаат главата бутнатокако ноеви во песок. Божем ништо не гледаат. Имаме побитни пробелми, влез во Европска унија. Па тебе, ако во куќата пробелмите не ти се средени, па комшијата те гледа и те проценува дали оваа фамилија е домаќинска, ја бива или е параспур. Државата е една голема фамилија од 400-500 или милијон семејства. Не знам колку е просекот. По 4 или по 5 жители на семејство.

Тоа значи дека не се работи домаќински. Не се работело домаќински. Се работело стихијно. Но, се е добро, иако задоцнето, се е добро она што ќе доведе до подобрување на позициите, она што

значи општ или општонароден живот, кога ќе брцнат во сопствениот џеб да најдат некој денар да купат некој леб за сопствените деца. До таму дојде работата, за жал. До таму е дојдено.

Имам чувство дека оваа Влада, луѓе вози велеслалом. Дека пробелмите гледа да ги избегнува. Не. Тие се решаваат. Но, при тој велеслалом ги промашуваат капиите. А, тоа значи дисквалификација. И, реперкусиите ќе се видат на самите избори.

Никого не плашам. Говорам она што народот го говори.

Не ви се лутам воопшто вам како пратеници, но мојот настап во еден ваков стил, што го ценам дека е критички, но во рамките на дозволеното, се однесува на Владата. Да не се најде засходно да не удостои било кој овде. Тоа ме погодува.

Е сега, јас ќе проговорам, па ќе излезе господинот Ѓорѓиев, ќе ми реплицира. Не ми треба. Сакам да го слушнам министерот што мисли, која е визијата за излезот или некој иден министер, оној со вентилите, па не знам каде е, невидлив е, фантом станал човекот. Затоа постојат минситерства, затоа прифатија, потпишаа, дадоа и јавна заклетва дека ќе работат за доброто на државата, за доброто на овој народ. Дали се потпадна под одредени политички притисоци, што е веројатно па се ставаат луѓе што немаат врска. Сметам дека во иднина навистина за областите министри кои ќе ги покриваат треба да се експерти и треба да се нон стоп меѓу народот, ако не тие нивните подредени. Да се слушне гласот на народот, време е да се види некој просперитет, да се почувствува.

Се сеќавам кога одредни политички лидери кога шпартаа низ Источна Македонија во 2002 година токму на тутунарите им се обратија вака: "Апашите од ВМРО ќе ги апсиме, а ние тутунот ќе го платиме, не знам 150 денари минимум". Која беше бројката кога ја спомнаа таа горна цифра не ја памтан, но сеуште се сеќавам. Па, дајте, затворете не сите, нека се владее едноумно. Ќе нема ни протести, ќе нема ништо, ако мислите дека се политички мотивирани. Отворете нови затвори како што некој вера спомна, требаше да се апсат. Лоша е климата луѓе, лошо е она што како вокабулар го користиме овде. Човек на човека стана душман, тоа е една страшна работа. Млади луѓе да говорат дека треба да се апси, да се полнат затворите, а сме во ек на предизборна кампања. Лоша клима се создава. Дајте малку да се приземјиме.

Потребна е доверба меѓу луѓето без разлика на политичката ориентација и опција, а не да се повикува да се апсат, ниту некој смее да си преземе улога на Рој Бин, познатиот судија од Дивиот Запад, ниту некој пратеник смее да си преземе улога на судија и поротник да суди и пресудува, па и апси. Такви работи не се допуштаат. Такви работи се недозволени и не треба да се пласираат на оваа говорница особено од млади луѓе. Не знам од каде тој лош дух, да кажам, не знам од каде верувајте.

И ова парламентарно мнозинство, дајте луѓе да престанете со саморекламирање, со самоглорифицирање дека ова, ова и ова се направи. Јас сум повеќе од убеден дека сте немоќни да направите и покрај вашите напори. Јас сум повеќе од убеден и пак да не се префрлам на мојава десна страна дијагонално на овие фантомски столици овде кои се многу жешки и тешки, но зависи за кого, некој има совест, некој нема совест, некој сака да направи нешто, да остане ако не повеќе во сеќавање како човек кој пробал, оставил нешто, го памтат луѓето по добро, некој ќе ги помине тие четири години лежејќи, шетајќи, користејќи трошејќи народни пари. Парите на македонските даночници. Ова важи и за сите идни влади, не само за оваа Влада на СДСМ, ДУИ и ЛДП и за сите идни кои ќе дојдат зошто и таму ќе има комотни луѓе, јас сум повеќе од убеден во тоа, но навреме треба да се сечат во корен, не само во корен, туку да се ископачат. Да се донесат саглам луѓе кои ќе работат, да градат визија, стретегија, па нема држава околу нас господа чии матични академии немаат изработено стратегии за сопствените држави вклучително и стратегија за прехрана на сопственото население, вклучително и за земјоделието, вклучително и за она што значи стратешки производ. И Албанската академија и Српската академија, и Грчката и Бугарската работат, работат за следните 50 години во кој правец ќе се движи државата. Нашиве умни бели глави не можеме да ги видиме.

И, повторно ќе кажам она што господинот потпретседател го кажа вчера дека немаме стратегија, дека преблокиран е пазарот со тутун, ни кажа дека турските рколти наназад пет години не се продадени. Па тоа има да го преплави балканскиот пазар. Турција е една огромна земја и територијално и како народ и ние ќе парираме. Е, во такви ситуации мора да се бара излез, а мора да се вгради стратегија. Ја нема. Било која влада утре да дојде приоритет мора да и биде градење на стратегија на Македонија како аграрна држава. Овде во наше време излезе еден минситер, ќе бидам малку самокритичен, па ни покажуваше микро чипови, од Владата наша. Станавме овде, станав и јас го искритикував. Мене тој микро чип не ми значи ништо, а уште помалку на обичниот човек. Зошто ова го велам. Од едноставна причина за да сфати дека работите не се движат во правец, па денеска ова што го говорам само да ве нападнам, значи се враќаме наназад на отворени проблеми и грешки кои се правени.

Исто така да се повикам на она што... (пратениците зборуваат помеѓу себе), нека зборуваат, нема проблем потпретседателе, ќе зборувам јас, си прават муабет, еве јас ќе гледам да приврШам. Потпретседателот вчера кажа дека не е добар тајмингот, времето. Апсолутно се согласувам дека времето не е добро, дека секој

ќе му даде квалификација дека се прави маркетинг. Секој, обичниот човек кога ќе го прашате. Дека оваа работа требаше многу порано да се направи, не од пратениците, од Владата. Пак ќе кажам од Владата како извршна власт, како една од трите столбови во државата. Предолго се чекаше. Можеби требаше да се направи 1993 и 1994, па и 1998 и 199 година, требаше да се тргне но еден е фактот дека проблемите тогаш мене колку што ми е познато, не сум експерт за земјоделие ниту претендирам тоа да бидам, работите се покриваа, се завршуваа, колку успешно не сакам да навлегувам, но немавме вакви штрајкови од земјоделците. Јас не памтам можеби грешам. Јас не памтам. И прашање е покрај желбата дали се има и капацитет да се решат овие проблеми. Овој предлог доаѓа од пратеници, не доаѓа од официјална институција, познавач на проблемот за кој денеска говориме. Не доаѓа на пример од Земјоделскиот факултет да се вклучи, да се вклучат тие силни доктори, магистри кои спремаа докторски и магистерски дисертации. Предлогот е подготвен и предложен од шест пратеника, секоја чест луѓето барем се потрудија ако не повеќе да ја задолжиме Владата. Владата колку ќе не есапи тоа е веќе друго прашање, нека оди на нивно конто, цехот тие ќе го плаќаат.

Значи, се доведовме во една ситуација многу лошо, во 2002 година господа се ветуваше дека народот ќе живее како бубрег во лој, ако можам да дадам таква квалификација во контекст на оваа популација од 200 илјади луѓе кои живеат од тутунот. И уште колку живеат од земјоделието претпоставувам дека три пати по 200 илјади, тоа се 600 илјади луѓе, тоа е една добра четвртина од Македонија. Но, лојот го нема останаа само ребрата. Една страшна работа за која никој не води сметка. И, ќе се послужам со една српска изрека која не знам дали сте ја слушнале, Србите вака велат: "Буразеру мало пара, а много крокодила". Тоа во превод значи следното, во мој превод и во моја интерпретација, во државава има многу лапачи кои сакаат да дрпнат, а да не остават ништо за обичниот човек. Во тој контекст го зборував и она ветувањата ако сите ги имплементирам во едно целокупно дека после 15 септември вој народ ќе живее како бубрег во лој. Пак ќе кажам лојот го нема, останаа само ребрата. Едно ме плаши, обичниот човек без разлика на национална, верска и секоја друга припадност да не ја доживеат судбината на луѓето од некогашна Бијафра, Пакомби и тн. Оние слики што ги гледавме со подуени стомаци од пиење вода, затоа што немале ништо што да стават во клун.

И, каде да продолжам, каде да продолжам, кажете, каде да продолжам. Апсолутно давам поддршка на предлагачите, апсолутно, во сите чест точки. Апсолутно давам поддршка на она што потпретседателот вчера го кажа, на немање стратегија и на градење стратегија за Македонија, пред се, на економски, на политички и на безбедносен план. Но, бидејќи е проблемот економски, денеска ставам акцент на градење на стратегија на економијата, поточно земјоделието, најточно на тутунарите, на производителите на ориз, на оризова арпа, на шеќерна репка, на раноградинарски производи, на лубеници од Струмица, не да талкаат меѓу скопските населби да продаваат што би рекле исто така Србите "плуд за што или за ништо". И, тогаш господинот Ѓорѓиев ми реплицираше, вели не е така. А, јас говорам она што го видов, не знам на терен што се случувало, она што ми го кажаа тие што го продаваат, тоа го презентирав. Ништо не сум измислил. Значи, се што говорев говорев добронамерно. Наравоучение од сето ова господо. Завршувам. Доколку не можете да ги зауздате вашите министри, во случајот министерот за земјоделие, господинот Дураку-вентилџијата, ќе ми извините на изразот, како таков е познат во народот, барајте од господинот Бучковски да си направи реконструкција, имате морално и секакво друго право затоа што народот прво вас ве плука, нив не може да ги исплука бидејќи нема можност да ги види.

Тука би завршил. Сите реплики кои ќе бидат ќе пробам да ги фрлам настрана, да не одговорам, не сакам да ги прифатам од едноставна причина затоа што ова мое обраќање беше обраќање до министерот за земјоделие, во најмала рака на негов заменик, министерот за финансии, во најмала рака на негов заменик, човек кој го држи државното кесе за да ги решите проблемите на луѓето и како наравоучение за секоја идна влада да води сметка за сопственото работење, за благосостојбата на сопствениот народ, а не само за благосостојбата на сопствената фамилија, на сопственото кесе и на сопствениот џеб.

Јасно ми е како одат работите, знам што се работи но немојте целата тегла мед да ја јадете, оставете да има за секого. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Од пријавените дали има некој за реплика, или сте сите за збор? Сите сте за збор. Благодарам.

Господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас сакам уште на почетокот да кажам излегувам по една импресивна, атрактивна дискусија и излагање и доста интересно излагање од претходниот говорник и се разбира фактот дека денес расправаме за една Информација која се однесува на откупот на тутунот, односно реколтата за 2005 година, не треба да ве обесхрабри тоа често пати, а во последно време често се вели, секој збор од парламентарците од опозицијата бидејќи ова е изборна година се сфаќа, и најчестата квалификација е политичкиот маркетинг на овој пратеник или на оваа парламентарна група и тн. Но, ние до колку вака судиме и ова не обесхрабри тогаш ќе ни биде тешко да одговориме на гласовите на тие што ги застапуваме овде. И, јас како пратеник можеби од прва рака излегуваме и ја цитираме поезијата Ленка од кочо Рацин или поезиите на бедата на

Миџен, нас ни е должност да им одговориме на тие кои ни се јавуваат секојдневно било по телефон или на разни наши собири бидејќи ние сме пратеници и факт е дека пратениците непосредно се сретнуваат со категориите на граѓани на кои во моментов во состојбата им е потешка. И тутунопроизводителите нас ни велат било од Житоше или од Прилеп, или од Липково или околината на Скопје, значи од разни региони каде тутунот традиционално се произведувал повеќе и сеуште има заложби да се произведува, па во споредба со претходните години ова е еден драстичен пад на тутунопроизводството, посебно во неколку подрачја како што е околината на Липково, Скопје, апосебно во делови кои поминаа низ конфликтот во 2001 година.

И, што да кажам за оваа Информација. Добро е опишана една состојба, и, тоа алармантна и тешка состојба на тутунопроизводителите со малку реченици, со малку зборови од нашите колеги пратеници кои сигурно дека во нивното секојдневие се среќаваат со овие кои што имаат проблеми околу тутунопроизводството, околу откупот на тутунот и гаранциите кои може да се дадат во однос на тутунопроизводството или не се даваат до крај за тие кои сакаат и понатаму да произведуваат тутун.

Ние почитувани колеги имаме околу 75 илјади семејства во Македонија кои добиваат социјална помош. Јас сум длабоко убеден дека мнозинството од овие семејства некогаш биле и тутунопроизводители, за самиот факт дека познавам семејства кои биле внимателни работници и живееле достоинствено и како што им доликува со нивниот труд и пот произведувајќи тутун и сега мнозинството од овие граѓани се социјални случаи. И, тие кои се големи и внимателни работници и кои биле добри и истакнати работници, но и добри тутунопроизводители верувајте ми дека сум убеден и од честите средби со овие граѓани, значи тие се во состојба денес да живеат од социјална издршка бидејќи имаат грижа на совеста кога живеат со социјална помош, а секогаш живееле од нивниот труд и нивната пот.

Јас не знам што се случува. Со години не се изнајде формулата. Не се изнајде начин тутунопроизводителите кои по нивните барања се секогаш скромни, се граѓани кои сакаат да работат, го сакаат својот производ и го ценат својот труд и сакаат да им се надомести. Ние не изнајдовме начин да го задоволиме нивниот интерес, наспроти нивниот труд и сега се во една состојба кога тие со својот производ чекаат 2-3 години да го пласираат, да го продадат. Понатаму чекаат 2-3 години да ги приберат парите од тие на кои им го продале тутунот и на разни начини се неодговорни во однос на овие граѓани, на еден начин се манипулира со оваа категорија на граѓани, тутунопроизводители и сите овие се начини кои ги доведуваат во една тешка состојба повторлива, некаде пишува 30 илјади, некаде пишува 40 илјади тутунопроизводители, кои во суштина се некаде околу 200 илјади жители кои живеат од нивниот доход, од тутунот. Не знам дали отсуствува волјата, или е во прашање можеби нашето потценувачко позиционирање на оваа категорија која се занимава со тутунопроизводство. На пример од продажбата на тутунот, се добиваат милиони девизи. Но, не им се враќа колку што треба ова добро за државата на овие тутунопроизводители. Јас на пример, поставувам прашање од информациите кои ги имам од разни разговори со луѓе кои ја познаваат оваа работа, мислам оваа проблематика еве велат Филип Морис дојде до Ниш и Врање, а никако до Скопје. Или ВАТ е во Албанија, а не може да дојде во Македонија. Сакам да кажам компании кои имаат брендови, на еден начин не се најдоа себе си овде во Македонија. Ако се најдоа себе си во Македонија, сигурно дека и состојбата на тутунопроизводителите ќе беше многу подобра и многу поповолна. Сега нивниот револт се изразува на разни начини, обично ние секоја ладна зима сме навикнати во последниве години во овој студ, по улици и пред институциите да ги гледаме граѓаните од оваа категорија, кои за мене се можеби и најискрените граѓани. Најискрени и од овој што зборува пред оваа говорница. Сигурно тие го бараат својот труд, својата пот да им се плати, да им се даде само толку за да обезбедат егзистенција и да добијат малку сила, материјална, економска, за да можат да ја подготват идната реколта, или да се подготват за идната зима, а наредната зима жалам, но неопходно треба да го кажам, повторно тие луѓе ќе се најдат на улица во едно многу ладно време за да бараат 30 денари плус, а од друга страна нашите буџети, сведоци сме нема ставка во министерствата каде што нема опремување на канцеларии. Ова се случува секоја година. Значи, дефинитивно треба да бидеме поодговорни луѓе. Еве, видете ги овие клупи, нема претставник од Владата. Нема министер, нема луѓе кои го застапуваат Министерството. Мислам дека ова е некоректен однос. Доколку ние дозволиме некоректен институционален однос на овие граѓани, тогаш нормално е, тие ќе ги злоупотреби некој друг, како што видовте како ги злоупотребуваат овие граѓани. Значи треба дефинитивно да изнајдеме начин да ги мотивираме овие граѓани со еден износ, или една финансиска конструкција која ќе ги мотивираше повторно да и се вратат на оваа работа, на оваа земјоделска култура, на еден начин да продолжат да го обезбедуваат нивниот опстој, за да не бараат милост кога се во прашање нивниот труд и пот. Затоа, треба да бидеме будни и достојни сите, без оглед дали сме пратеници од позиција или од опозиција, во овој случај да реагираме позитивно. Да ја прифатиме оваа информација со овие пет заклучоци од нашите колеги пратеници од политичките партии од позиција и од опозиција, со самиот факт дека самата информација и самите заклучоци кои се заклучени се доста реални и прифатливи и ние само треба да гласаме за нив.

Значи, уште еднаш да ја освестиме до крај Владата и тие што се надлежни да изнајдат начини и облици оваа категорија на граѓани, тутунопроизводители, дефинитивно да ги оставиме да ја работат својата работа, но да ги оставиме да не ги донесуваме во состојба по вакви ладни времиња да излегуваат по улици и да доаѓаат пред Владата да го искажат својот револт, како што го искажуваа со години. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рамадани.

Господине Шаќири, повелете имате збор.

**Исни Шаќири:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван претседател, мислам дека со оваа тема која што е отворена пред нас во Парламентот треба да очекуваме да излеземе со заеднички став. Тука можеби ќе биде и значителен момент да ја искористиме оваа информација да се изградат ставови и за да се изгради политика која е во функција на решавање на овој проблем, што се однесува на откупот на тутунот. Меѓутоа, и на другите проблеми со кои се соочува земјоделството во Република Македонија. Ние навистина, имаме теми за кои што понекогаш имам впечаток дека излегуваме малку надвор од тоа што е функционално и надвор од она што може да придонесе во надминувањето на состојбата, која што сега засега ја имаме во Македонија, со која што се соочува еден голем дел од населението. Во последно време, не изнаоѓајќи друго решение, решението тоа население го бара преку протести, преку излегување на улица, за да се алармира, за да го направи актуелно едно прашање што се однесува на откупот на тутунот на кој начин од страна на Владата и институциите кои што се надлежни и одговорни за тоа, тоа е премолчено. Прашањето на тутунот не е проблем кој е вчерашен или од минатата година. Тоа е прашање кое навистина, можам да го наречам прашање кое што трае со години и е проблем кој што секогаш го следи нашето општество со многу проблеми кои што во потребниот момент и во времето кога за ова прашање се бара решение, секогаш недостасувала стратешка политика или да ја наречам програма околу оваа стратешка култура, кој што некој ја нарекува дека можеби не е стратешка земјоделска култура, бидејќи тутунот веќе како штетен за здравјето има сосема поинаков третман и во светски размери, меѓутоа, сепак доколку поаѓаме од ова начело дека нам ни недостасувала нашата стратегија во рамките на институциите, во рамките на Владата, во рамките на соодветниот ресор кој што се занимава со ова прашање поради ова или она, мислам дека ова не држи и е сосема погрешно. Ќе беше сосема добро, еве сега сме месец февруари, првиот дел или првата половина од месецот февруари е добро што нашите експерти, луѓе кои што го ценат земјоделството, кои ги тангира колку што може за сега нивните чувства и имаат сенс за давање на совети, што се однесува на земјоделството, добро е тие да ги запознаат производителите на тутун дека за 2006 година нема потреба да садиме тутун, доколку не го предвидиме ова или она. Да не ја донесеме оваа состојба како сега што ја донесовме и во определени моменти да изнајдеме оправдување кое што не држи и пред тутунопроизводителите и зошто да не кажам, понекогаш многу изјави на надлежни луѓе, одговорни луѓе се иритирачки за тутунопроизводителите. Што значи, кога велам иритирачки не дека тие имаат желба така да си сфатат и да ги разберат, туку се говори за прашање кое што е многу чувствително за нив, што тие вложиле придонес, труд и пот и кога ќе се случи затворањето на тој процес на производство на тутун и кога очекуваат пари, ние им велиме има или нема пари. Значи, има големо задоцнување. Сакам да спомнам, тоа го спомнав во една дискусија што ја имавме некој ден порано кога имаше откуп на тутунот во 2003 година, колку што се сеќавам во селата на Скопје и општина Липково. Една сума која што беше околу двеста и нешто тона, дека сега пред месец дена ги добија парите и не сум баш сосема сигурен. Меѓутоа, тие пари беа преполовени и изнашле разни форми и начини таа пара што е земена изгубила и вредност и се, а некој имал количина на тутун од која што очекувал да обезбеди егзистенција за своите деца. Сега е истата состојба, се играат игри, кои што не се сериозни, јас така би ги нарекол, бидејќи не е ни чесно во овие моменти да се занимаваме само со обвинување за тоа колку вреди, затоа што на крајот на краиштата, не сме институција која што некого може да го стави на црна клупа и да го казни. Мене ме интересира и би бил многу среќен заедно со тутунопроизводителите кои што ги имаат своите проблеми, бидејќи ние сме дел од ова општество и доброто и лошото треба заедно да го делиме. Можеби денес не е така, но утре ќе биде така, затоа што утре ние ќе мислиме за утрешнината. Од оваа расправа да излеземе со еден единствен и заеднички став и да и сугерираме на Владата. Нешто кое што држи и решение било за ова прашање, било за оваа состојба што ја имаме сега, колку што е можно да ја ублажи. Меѓутоа и за годините што следат. На пример, доаѓа 2006 година. Ние да не го гледаме проблемот. Еве сега оваа е ситуацијата и да го заокружиме, односно да го затвориме, но да изнајдеме решение за проблемите. Мислам дека ова нас не чинело многу и продолжува да не чини многу. Понекогаш, сакале или не, треба да се свртиме самите на себе како пратеници, бидејќи има случаи, можеби и јас дел од тој состав, или на оние пратеници кои имаат одредени моменти, кои ги засегаат семејните интереси кои што имаат економски проблеми, го искористуваат овој момент да имаат расправа, што не е во функција на решавање на проблемот.

Тие што ја предложиле оваа информација, за ова прашање, мислам дека треба ги поздравиме, бидејќи во овој момент има потреба и оваа институција и ние како претставници на народот

треба првенствено ние да сносиме дел од одговорноста. Барем тоа да го направиме што нам ни припаѓа. Не сакам многу да го трошам времето, уште еднаш, тоа е прашање кое не следи години со ред, проблем кој што нема решение. Не е изнајдено решение досега. Не само оваа Влада. Јас не сакам да ги амнестирам другите влади. Значи ниедна Влада немала програма која што би била конкретна околу прашањето за проблемите кои што се случуваат во земјоделството. Зошто да не кажам, слободно ќе кажам тоа е една несреќа на Владата на Македонија во овој момент кога на нас ни се блокираат и патиштата, не поради други причини, туку само поради природни услови. Патиштата кои што ги поврзуваат Македонија и Косово, Косово е голем економски партнер за Македонија, Владата никогаш не расправала за ова прашање, а ова е земјоделски интерес. Земјоделството е дел од економијата. Владата не расправала за ова прашање за решавање на овој проблем. Цистерните седеле деноси со ред на Табановце, блокирани на граничниот премин и не се изнајде решение, а потоа ете, возот ќе биде решение или не знам што. Ова прашање не се надоврзува на темата што ја имаме, меѓутоа, целта ми е да кажам, не само Косово, туку и сите соседни држави треба да имаме отворена политика, колку што е можно повеќе и политика која што нуди развој на бизнисот и економијата, меѓутоа сакале или не, е реалност. Доколку се случеше на лето, што ќе се случеше со земјоделските производи. И ова е прашање што треба да го дискутираме. Ова е една несериозност за ова прашање што се однесува на овој пристап на Владата.

Доколку ние сме држава која што е многу развиена индустриски и земјоделството за нас е сосема незначително и незначајно и ние молчиме и во определени моменти кога доаѓаат овие кризи, ние чекаме населението да излезе на улица и тогаш да седнеме и разговараме и да ги отвориме овие теми било во Парламентот, било во Владата, или било каде. Добро е што од оваа расправа предлагачот на Информацијата за откупот на тутунот и заедно сите парламентарни групи и оние што навистина го сваќаат ова како сериозна тема, а не само за правење на незнам што, за реализирање на незнам што. Значи, од оваа расправа да произлезат заклучоци за да се обврзе, да се задолжи Владата и за оваа состојба што ја имаме денес да има една стратешка политика за надминување на оваа состојба. И за во иднина што се однесува на проблемите кои што се во земјоделството, кои што не следат години по ред. И би сакал ова да се разбере само во ова рамниште, само во оваа насока, не поинаква. И доколку проблмот го гледаме онаков каков што е, мислам дека токму ние ќе излеземе со нешто конкретно. Можеби ви одземав малку повеќе време, но целта ми беше дека тоа е тема која што треба да ја дискутираме како опозиција и позиција подеднакво, затоа што е заеднички интерес. Ние знаеме какво е тука прашањето што се третира, меѓутоа значајно е дека вреди да се критикуваме, вреди да си бараме сметка и од Владата и од секој што е надлежен, меѓутоа на крајот да заклучиме тоа што е интерес за заклучување и завршување и решавање на овој проблем во функција и во интерес на тутунопроизведителите и на другите кои што **се** занимаваа со други земјоделски култури во Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Благодарам господине претседател, дами и господа пратеници.

Да кажам неколку збора на оваа тема во име на пратеничката група на Демократска обнова на Македонија и како непосреден учесник во разговорите на оваа тема во Владата двата дена на трети и седми февруари, а во својство на член на координативно тело формирано на ниво на Совет на општина Прилеп во кое што покрај мене учествуваа и претставници на тутунопроизведителите и претставници на Советот на локалната самоуправа. Деновиве во расправите по оваа Информација, слушнавме многу дискусии, дури и на теми минимално врзани со тутунопроизводството и мислам дека непотребно потрошивме многу време по Информацијата. Мислам дека многу од овие дискусии ќе ги повториме по повод расправата за сега најавениот Предлог закон за тутун и мислев дека не е потребно по Информацијата толку широко да се расправа за тутунопроизводството воопшто.

Од друга страна бев учесник и на барикадите како што овде некој ги нарече тие препреки со кои се изразуваше негодување од тутунопроизведителите. Од тие искуства можам и по некоја приказна да кажам кој, кого натепал таму, бидејќи и такво искуство овде доживеав, таква пракса но, мислам дека е дури и несериозно и непристојно да се занимаваме со такви работи.

Јас ќе се обидам колку можам накратко да допринесам до подобрување на квалитетот на Информацијата, а посебно на заклучоците за да тие сепак бидат употребливи и да има некаков ефект од оваа Информација, бидејќи веќе слушнавме дилеми дали е таа и задоцнета, дали е навремена, или е предвремена, итн. Ние всушност пред нас имаме искажан проблем од една страна од тутунопроизводителите и тој проблем е реален. Од друга страна после разговорите со Владата под раководство на премиерот Бучковски имаме ветување за надминување на тие проблеми и тоа реални мерки, но тие се ветувања. Оваа Информација и нејзините заклучоци можат да послужат тие ветувања да станат обврска за да бидат и тутунопроизводителите поспокојни во деновите пред нас. Значи, до завршување на откупот и до исплата на откупеното.

Прво, за проблемот што јас сакам да потенцирам дека е реален и дека констатиравме дури и на

разговорите дека е реален. Барањата на тутунопроизведителите беа во основа три: Почеток на откуп во Тутунскиот комбинат во Прилеп. Затворените врати на Тутунскиот комбинат Прилеп овозможи на другите откупувачи нереално да ги ценат количините на тутун, со тоа директно да влијаат на пониската откупна цена, на штета на тутунопроизведителите. Тој проблем е надминат. Тутунскиот комбинат Прилеп веќе мислам петти ден го откупува тутуно и мислам дека таму нема некои големи проблеми.

Второто барање беше просечната цена на откупениот тутун 150 денари. Тоа сигурно не е фиксна цена која се бара, бидејќи просечната цена на 20 милиони колограми тутун не може да се фиксира така прецизно. Но, и тоа барање е реално. Произлегува од ланската просечна цена постигната со откупувањето на реколтата од 2004 година зголемена за 7,5% колку што беше зголемена и цената на тутунот уште во склучувањето на договорите со тутунопроизводителите и откупувачите за минатогодишната реколта. Така тутунопроизведителите реално очекуваа дека годинашната просечна откупна цена треба да биде околу 150 денари. Единствена мерка за постигнување на ова во овој момент и во моментот на разговори со Владата беше нормално преземање на активности на Инспекторатот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Сакам да кажам, на тоа инсистирав и на разговорите да се констатира Инспекторатот после првите разговори на 3 февруари излезе во интензивни контроли на откупните пунктови и констатира дека откупната цена веднаш се зголеми за 20%. Значи, тутунарите со право реагирале дека им се закусува во оценувањето на тутунот и со тоа во висината на просечната откупна цена.

И трета работа, која ја бараат тутунарите беше премија или субвенција, со тоа што висината, бараната висина беше 60 денари кое исто така е реално барање, бидејќи со мерки кои не зависеа од тутунопроизведителите, производството на килограм тутун е зголемено преку зголемување на ДДВ, преку зголумување на цената на нафтата итн. Значи, со таа субвенција требаше да се надокнади она што тие го губат во производстото на сметка на својата планирана заработувачка.

Од друга страна на кутија цигари од 1.1. 2006 година додадовме 15 денари од кои што средства дел колку разбравме во разговорите, а преку Законот за тутун е наменет за субвенционирање на тутунопроизводството. Така што и изворите за тие средства на некој начин беа дефинирани. Знач и, мерката која е ветена од страна на Владата е возможно да се реализира, иако сумата остана на 30 денари, покрај другото и заради сеуште непостоечки таков закон сето тоа се базира на претпоставка дека тој закон ќе биде донесен и дека одвојувањата за тутунопроизводството ќе бидат на висина на предлогот во тој закон. Значи, сите три барања на тутунопроводителите се реални, за сите тие три барања Владата понуди решение, односно вети решение. Но, никако не го гарантира. Ако денеска ние нешто можеме да направиме преку оваа Информација и заклучоците по Информацијата можеме тоа Владата што го вети за надминување на проблемите искажани од тутунопроизводителите да им стане обврска. Имено, сметам дека, ако имаат волја предлагачите на оваа Информација, единствено тие можат сега да вградата уште нешто во заклучоците и во содржината на Информацијата, треба да се додаде дека е констатирано изигрување на проценката на квалитетот на тутунот. И од таа причина тутунопроизводителите биле во право кога реагирале. И во делот на заклучоците да се конкретизира или да се подобрат овие постоечки, наиме Инспекторатот при Министерството за земјоделие да биде секојдневно или перманентно присутен на откупните пунктови до завршување на откупот на минатогодишната реколта. Тоа е прво.

Второ, Владата да обезбеди средства за исплата на премија во висина од 30 денари по кологрaм откупен тутун и тие средства да ги исплати до крај на јуни оваа година. Мислам дека тогаш се што е ветено ќе стане обврска и тутунопроизводителите ќе бидат спокојни и ќе бидат сигурни во реализација на ова што е ветено.

**Љупчо Јордановски:** Две минути реплика господинот Ѓешовски.

**Благоја Ѓешовски:** Благодарам претседателе, јас навистина очекував колегата Богдановски да го произнесе својот став овде од говорницата по однос на оваа Информација од причини што доаѓаме од иста општина и бевме заедно задолжени од тутунопроизведителите, иако тој не се одзва на првата средба која што ја имавме со тутунопроизведителите во општина Кривогаштани. Меѓутоа, како и да е и тој ги чувствуваше и ги знаеше проблемите на тутунопроизводителите во Прилеп. Заедно бевме на преговорите во Владата и голем дел од она кое што го кажуваше дека барањата се реални на тутунопроизводителите, точно е. И од тие причини ние ја поднесовме оваа Информација. Меѓутоа, институција пратеник, ако можеме така да кажеме да искажува скепса и недоверба кон исто така институцијата премиер на Владата на Република Македонија и некој кој што таму седеше 9 часа и ги слушаше сите математики како треба да се дојде до премијата во најмала рака е продолжување на манипулирањето на граѓаните. Колега Богданоски, и вие како некој кој што учествувавте на преговорите, ваша задача е сега да продолжите да ги пренесете ставовите и заклучоците кои што беа на тие средби, ваша задача е да го гласате Законот кој што по најбрза постапка ја задолжуваме Владата да го достави до Собранието на Република Македонија, а не да ги подгревате тензиите, сакајќи со тоа да манипулирате и да собирате политички поени.

Инаку, заклучоците се во ред за секој оној кој што знае да ги прочита и разбере и заклучоците се онакви по кои што Владата ја соопшти методологијата на кој начин ќе дојде до 30-те денари за премија за тутунот.

**Љупчо Јордановски:** Една минута реплика господинот Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Сепак, кој ги манипулира сите овие настани, мислам дека добро знаат и тутунопроизведителите и тоа ќе го видиме, нивната оценка ќе ја видиме наскоро. Тоа е прво.

Второ, сметам дека е добро кога веќе имаме можност, сега имаме Парламент, сметам дека е добро со вакви заклучоци Владата да ја задложиме тоа што сама го вети, да го исполни. Ништо друго. За разлика од едно време кога се ветуваше вработување по еден од секое семејство, ние немавме можност да ја задолжиме. Сега мислам дека е добро тоа да го направиме. Значи, искуствата се малку лоши во тој однос, ветување и исполнување.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Роза Топузова.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам, претседателе. Два дена веќе говориме за Информацијат и не велам дека не треба да се говори за неа. Токму и тоа беше една од целите кога ја доставувавме оваа Информација. Меѓутоа на самиот почеток да искористам една минута и за реплика на колегата Богданоски.

**Љупчо Јордановски:** Не можете да искористите реплика, ќе ве прекинам веднаш.

**Роза Топузова-Каревска:** Добро, ќе го споменам во дискусијата. Сметам дека и ние сите увидовме дека тутунопроизводителите биле во право штом ја доставивме оваа Информација. Така што не треба сега тој да ни кажува дали тутунопроизводителите биле, или не биле во право. Ако сметавме дека не се во право, немаше да ја доставиме Информацијата. Јас реков нема да одземам многу време. Така што и неговите заклучоци не се безпредметни во овој момент, затоа што се содржани во оваа Информација. Имено, Информацијата која што ја доставивме произлезе од нашата средба на група пратеници од прилепскиот регион со тутунопроизводителите и тоа беше тука објаснето и сите нивни...

Претседателе, ве молам да ми овозможите да зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Никој не ви забранува да зборувате.

**Роза Топузова-Каревска:** Не ми забранува, меѓутоа до мене кога се говори, сигурно дека не можам да се насочам на дискусијата и така рекол дека нема да биде многучасовна.

Значи, овие заклучоци и оваа Информација произлезе од средбата на група пратеници со тутунопроизводителите токму поради тоа што ние дојдовме до сознание дека навистина ситуацијата особено околу откупот на тутунот и динамиката со која што се одвиваше, како и откупните цени го продуцираа незадоволствот кај тутунопроизведителите. И она што тие го искажаа на таа средба го забележавме и го доставивме во вид на Информација. Сакам да кажам дека Информацијата ја постигна својата цел. Прво, да се проговори во Парламентот за проблемите со кои што се соочуваат тутунопроизводителите, да се изнајдат решенија како тие да се решат и тоа не краткотрајно само за оваа година, туку со мерки и методи кои што ќе допринесат нивната состојба да се подобри и во изминатите години и тие да можат да го добијат она што навистина го заслужуваат за нивниот производ, за тутунот. Тоа е едниот аспект.

Вториот аспект е, оваа Информација стигна пред ние да расправаме во Владата и на разговорот кој што беше обавен со премиерот на Владата и тутунопроизводителите, сите заклучоци кои што се поднесени од страна на поднесувачите на Информацијата што се однесува и до откупната цена на тутунот и до динамиката на откупот и до присуството на санитарната инспекција на самото место на откупот, дури и до присуството што дополнително го бараа на одредени претставници на тутунопроизводителите на самите откупни места беше прифатено. И едно од нивните најсуштински барања беше оваа година да имаат одредени премии на откупната цена, значи и тоа го добија во висина од 30 денари што всушност и тие самите беа задоволни со таа цена, иако на почетокот бараа нешто повисоко. Но, и во разговорите кои што ги имавме заедно кажаа дека 30 денари е реалната цена кои што тие ја очекуваат. Значи, околу тоа толку. Исто така, околу исплатата на тутунот, на парите од тутунот кои што тие бараат да биде во рок од 7 дена и тука е постигнат договор.

Јас можам да кажам дека Информацијата не беше безпредметна и јас го искажувам своето задоволство, што и тутунопроизводителите ги прекинаа блокадите на патиштата, овозможија Прилеп и останатите градови во Македонија и се надевам дека наша обврска е што е можно побрзо да го добиеме законот за тутун од страна на Владата, што исто така беше разговарано на оваа средба, а ние пратениците да можеме да интервенираме, доколку не се согласуваме со одредени делови и да го донесеме тој закон, затоа што тоа е единствениот пат по кој можат, не еднорочно, оваа година, туку да се решат проблемите на тутунопроизводителите.

**Љупчо Јордановски:** Да ве израдувам и тој дел е исполнет. Во среда имаме седница на која е точката на законот за тутун, доставен од Владата.

Повелете господине Стојаноски имате три минути реплика.

**Блаже Стојаноски:** Јас се согласувам дека Информацијата имаше една цел, а тоа е јавно да проговориме за проблемите со тутунопроизводството воопшто и со откупот на тутунот. Меѓутоа, факт е дека тие проблеми со оваа Информација и заклучоците кои се во склоп

на Информацијата, нема да се решат, од едноставна причина што Владата буџетски не се согласи да помогне на тутунопроизводителите, освен она што го вети во измените на законот за тутун за кој претседателот кажа дека е доставен до Собранието, по 3 денари од кутија цигари, за тутунопроизводството. Меѓутоа, факт е дека еден огромен дел од проблемите се уште остануваат нерешени. Основниот проблем е, знаете и вие, бидејќи сте од Прилеп, дека тутунскиот комбинат се уште има проблеми. Не се решени проблемите со тутунскиот комбинат. Тоа значи дека не можеме да бидеме сигурни дека идната година нема да се повторат овие ситуации каде трите останати откупни претпријатија ќе ги уценуваат тутунопроизводителите со ниска проценка на тутунот. Значи, долгорочно решение на овој проблем нема. Факт е дека државата преку инспекциските органи требаше на време да реагира за да не се доведат тутунопроизводителите во ситуација на минус 20 степени да блокираат патишта и да протестираат. Значи Владата не ги остваруваше своите законски ингеренции во тој период.

Третата работа што сметам дека е најважна, тоа е оваа цел што велите била основна цел, а тоа е престанување на протестите и продолжување со откупот на тутунот, се направи дури тогаш кога почна откупот на тутунот во Тутунскиот комбинат во Прилеп. Каква ќе биде неговата иднина, мислам дека е главното прашање од кое зависи откупот на тутунот и за идната и за сите наредни години. Затоа, кога зборуваме за тутунопроизводството во Прилеп, не можеме тоа да го тргнеме настрана од проблемите со кои се соочува Тутунскиот комбинат во Прилеп, како и од законот за тутун што го спомнавте и сите оние други субвенции и директна буџетска поддршка која треба да произлегува од Владата на Република Македонија. Тоа е стратегија која треба да биде реализирана.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Топузова, имате една минута контра реплика.

**Роза Топузова-Каревска:** Колегата Блаже Стојаноски не ме разбрал до крај. Јас не реков дека најголема придобивка е тоа што е прекинато со блокадите. Напротив, јас реков дека најголема придобивка за тутунопроизводителите е тоа што им се исполнија нивните барања и тоа што ќе се донесе закон за тутун и тоа што е можно најбрзо. Еве слушнавме од претседателот дека веќе на наредната седница е ставена точка на дневен ред, со кој закон ќе им бидат долгорочно решени проблемите.

Што се однесува до Тутунскиот комбинат, сега немам ниту време да ви објаснувам, а меѓу другото ќе треба да се вратам и многу години наназад. Некој не би сакал да го слушне тоа што овде ќе го кажам. Меѓутоа Владата работи и на изнаоѓање на стратешки партнер околу решавање на проблемите со Тутунскиот комбинат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски барате три минути реплика?

**Илија Србиновски:** Не, јас сега сакам да зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете.

**Илија Србиновски:** Факт е дека е изнудена оваа Информација од самите тутунопроизводители.

Јас како член на ВМРО-ДПМНЕ, од оваа партија, овие заклучоци што се доставени до Собранието, имено кажува вака:

1. Собранието на Република Македонија ја усвои предложената Информација за состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година. Тоа значи закаснета е.

2. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ја разгледа состојбата за откупот на тутунот од реколтата 2005 година и да ги преземе сите потребни мерки, согласно законските одредби, особено законот за тутун. Значи паушално. Закаснето.

3. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ги разгледа можностите за исплата на средствата од Буџетот на Република Македонија, утврдени во ресорот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ставка за поттикнување на земјоделието и средствата од зголемената акциза на цигарите и да изготви програма со која овие средства ќе ги распредели на тутунопроизводителите во вид на премии за откупениот тутун од реколтата 2005 година. Значи овде не се кажува ништо колкава е цената. Паушално.

4. Собранието ја задолжува Владата активно да го вклучи Инспекторатот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со цел, целосно почитување на законот за тутун.

5. Собранието ја задолжува Владата да го ажурира носењето на законот за тутун и во најскоро време да го достави до Собранието. Кога ќе се достави тој закон, прашање е.

Значи овие заклучоци да се достават до Владата на Република Македонија.

Јас нема да ги прифатам овие заклучоци. Имено, ќе ги прифатам како Предлог-заклучоци од Комисијата за земјоделие, што ги донесовме, затоа што тука пратениците од коалицијата не сакаа да ги прифатат овие заклучоци.

Имено, првиот заклучок беше, вклучување на Инспекторатот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на откупните пунктови во државата каде се цени квалитетот на тутунот, елиминирање на несоодветното и уценувачко ценење од страна на откупните претпријатија, на сите оние откупни претпријатија кои, ако не го почитуваат законот за тутун, да им биде одземена лиценцата за работа.

Второ, ниското ниво на откупна цена што не обезбедува покривање на трошоците на производството, наметнува потреба Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство да обезбеди премија за килограм откупен ориентален тутун од 30 денари. Средствата за таа намена да се обезбедат од Буџетот за 2006 година, имајќи предвид дека зголемената акциза од 9 денари по кутија цигари, обезбедува финансиски ресурси од 1,8 милијарди денари.

Трето, Министерството за финансии да пристапи кон измена на стапката за ДДВ, за семенски материјал, ѓубрива и заштитни средства, од 18% на 5%.

Четврто, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбеди регрес за нафта за потребите на земјоделското производство, од 10 денари по еден литар нафта, за потребни 30 литри нафта од 1 хектар обработлива земјоделска површина.

Ако се прифатат овие заклучоци, тогаш јас ќе гласам за овие заклучоци. Доколку не се прифатат нема да гласам за овие заклучоци.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на заклучокот содржан во Информацијата, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 61 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 16. - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација за полициска соработка во борбата против криминалот со, Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучокј.

Треба да го предложам заклучокот, но бидејќи немаме кворум, подоцна ќе го прочитам и затоа ги молам пратениците да влезат во салата.

Го заклучувам претресот по текстотот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 59 гласале, 59-за, нема воздржан, немам против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација.

**Минуваме на точка 17. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Р.Албанија за заемна заштита на класифицирани инфорамции, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Р.Албанија за заемна заштита на класифицирани инфорамции.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 60 гласале, 60 глаcлале за, нема воздржани, немам против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни, 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација..

**Минуваме на точка 18. - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Кралството Холандија за социјално осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот. На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Кралството Холандија за социјално осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника, 50 гласале, 50 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Имаме еден куриозитет прв пат некоја ратификација да има и амандман.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на насловот на предлогот на Законот на член 1. Прв пат се случува да има законот за ратификација амандман.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот и на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Дали претставникот на Владата ќе се согласи.

За тоа ќе го прашаме заменик министерот за надворешни работи.

Повелете господине Хасановиќ.

**Фуад Хасановиќ:** Амандманот се прифаќа и се согласуваме.

Немаме шанси да го дискутираме, прифатен е амандманот и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 59 гласале, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точка 19. - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Чешка Република за социјално осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Чешка Република за социјално осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа сседница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 52 гласале, 52 за, нема воздржани и немам против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација..

**Минуваме на точка 20. - Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците по информацијата од Министерството за внатрешни работи за остварување на правото за државјанство преку спроведување на законот за државјанството на Република Македонија, со согледување на евентуални појави и пречки во неговото спроведување.**

Мислењето на Комитетот Ви е доставено.

Ве известувам дека согласно амандманот 12 точка 1, став 5 на Уставот на Република Македонија, Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот за односи меѓу заедниците и да донесе одлука во врска со нив.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Со оглед на тоа дека и вие рековте, секое мислење од страна на Комитетот за односите меѓу заедниците треба да биде разгледано на Собранието на Република Македонија, значи

Собранието е должно тоа да го прави, па и заради таа причина и се пријавив за дискусија. Се надевам дека ќе бидам разбрана така како што треба од страна на колегите пратеници. Се работи за мислење, за оние кои не прочитле, на Комитетот за односи меѓу заедниците, при што самиот Комитет ја разгледал инфорамцијата од Министерство за внатрешни работи, за остварување на правото на државјанство преку спроведување на Законот за државјанство на Република Македонија, со согледување на евентуалните појави и пречки во неговото спроведување.

Во самото мислење и согласно одлуката за основање на Комитетот за односи меѓу заедниците се вели дека "Во рамките на својот делокруг овој комитет за односи меѓу заедниците разгледува закони од областа на односите меѓу заедниците и го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, меѓу кои овој Комитет го разгледувал токму од сите закони токму Законот за државјанство и неговото спроведување во пракса и евентуални пречки кои се јавуваат при спроведувањето на Законот". Тој закон ние го донесовме, согласно онаа информација од Министерство за внатрешни работи  во 2004 година во март 2004 година и сега во самото мислење, почитувани колеги, се вели дека Комитетот за односи меѓу заедниците дава свои предлози кои се однесуваат дека ова е добро решение за прашањето на државјанството. Потоа, дека Комитетот за односи е отворен за соработка со Министерството за внатрешни работи и другите надлежни институции за навремено водење на постапките за стекнување. Сега, оној термин или она за кое ние како ВМРО Народна се расправавме кога беше Законот за државјанство, а имаше и амандмани токму на терминологијата иселеник. Тоа убво го забележал овој  Комитет за односи меѓу заедниците дека  постојат различни правни толкувања на поимот иселеник на кој, ќе повторам дека ние укажувавме во дискусијата по Законот, и дека треба да се преиспита и да се измени членот 11 од Законот за државјанство, заради негово усогласување со одредбите, уставните одредби и Европските стандарди. Значи, Комитетот заседавал на 12 јануари 2006 година, скоро после две години од примената на Законот за државјанство, Комитетот успеал да утврди дека има проблеми со статусот иселеник и стекнувањето на правото на државјанство во Република Македонија.

Она што понатаму е наведено во мислењето и кое ми падна в очи е дека Комитетот оценува заради полесна спроведливост на Законот за државјанство, потребно е да се оцени можноста за изменување на членот 7, став 6 од Законот во согласност со прописите во Република Македонија, како и во духот на решенијата содржани во Рамковниот договор. Нормално, тоа се однесува на употреба на јазикот од најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Ние дебатираме четири години веќе за духот на Рамковниот договор, ама тој дух колку што се сеќавам е имплементиран во Уставот на Република Македонија, така што според мене тој дух веќе е вратен во Аладиновата лампа и пак ссега духот да го вадиме од лампата, сметам дека не е во ред. Меѓутоа, припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, а кои изнесуваат најмалку 20% упорно сакаат и инсистираат на повторно враќање на тој дух на Рамковниот договор. Сега, на крајот на мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците се вели дека треба да им се даде или да се продолжи со активностите за натамошна едукација и правна помош на амликантите за државјанство. Сега, се прашувам ако веќе Комитетот е загрижен за активностите за натамошна едукација и правна помош на апликантите за државјанство, тогаш според мене, почитуван претседателе и почитувани колеги, овој Комитет исто така треба да биде загрижен и за генералната политика и да бара инфорамција не само од Министерство за внатрешни работи , туку да ја задолжи Владата на Република Македонија за една генерална политика за одливот на државјанин на Република Македонија од Македонија,  но и за наезда од прилив на барања за стекнување на државјанство. Секоја држава во Европската заедница си има своја политика за тоа колку број на граѓани таа може да прими и треба да прими за да станат нејзини државјани, но истовремено се грижи и за отпустот од државјанство на нејзините граѓани кои бараат да биде државјани на друга држава.

Од она што е дадено во Информацијата, почитувани колеги, се вели: За прием во државјанство на Република Македонија по основот природување се стекнале 4020 државјани на Република Македонија со статус на државјани а по основ со утврдување на државјанство 419 или вкупно 4439 граѓани имаме нови државјани на Република Македонија. Најголем дел од нив се оние,  како што е наведено, почленот 14 или преодна одредба за државјаните на поранешна СФРЈ 2505 лица. Значи, вкупно 4439 станале државјани на Република Македонија. Во исто време одпуст од државјанство им е дозволено на 4003 граѓани на Република Македонија. И, сега, ако тоа го гледаме како однос морталитет - наталитет или споредба морталитет-наталитет, тогаш ние сме статусќво. Скоро колку граѓани барале статус, всушност, државјанство на Република Македонија, толку и истовремено барале да си одат од Република Македонија. И, сега, она што ми паѓа во очи, почитувани колеги, за ова мислење од страна на Комитетот за односи меѓу заедниците е следното. Која е причината за која се бара токму вакво мислење за спроведување на Законот за државјанство со евентуалните пречки или евентуалните пропусти при негово спроведување. И, листајќи вака по оваа

информација и по мислењето, дојдов на крајот од информацијата на Министерството и во последниот пасус се вели дека во контекстот на спроведување на Законот за државјанство, сметаме за потребно да напоменеме дека неговото спроведување не се согледува само преку бројот и начинот на водење на постапките за стекнување и престанок на државјанство на Република Македонија, туку и преку редовно и правилно водење на регистерот на државјани. Акцентот во оваа смисла треба да биде ставен на редовното и правилно ажурирање на податоците во регистерот, со кој се сложувам. Затоа, ако ние не си знаеме колку државјани имаме во Република Македонија, тогаш не заслужуваме да имаме и држава. Сега, продолжува тоа што е во информамцијата, бидејќи само уреден регистер на државјани ќе овозможи правилно спроведување на избори, пописи и други активности каде основа е евиденцијата на државјани. Сега, се прашувам зошто токму сега се бара ваква информамција од Министерство за внатрешни работи, ако не е причина изборите и да видиме, да направиме така наречена весела математика и да видиме со колку ние граѓани нови можеме или државјани на Република Македонија, можеме да располагаме како бројка на овие парламентарни избори кои ни следат оваа година. Во исто време, сметам дека има хипокризија во Комитетот за односи помеѓу заедниците, затоа што се фокусира токму на овој дел. И, ги прашувам, зошто тогаш тие не побараат мислење или информамција од надлежните министерства за евентуалните пречки, сега да ја погодам точната формулација, евентуалните појави и пречки во неговото спроведување на Законот за употреба на знамињата на заедниците. Зошто во тој дел не се бараше. Зошто не се бараше во делот на финансирање на единиците на локална самоуправа, каде што согласно новата територијална организација на Република Македонија, ние имаме општини каде што мнозинство се токму припадниците на заедниците кои не се мнозинство, а изнесуваат најмалку 20%.

Од тие причини, почитувани колеги, сметам дека е добро што почнало воопшто со Информација на Комитетот за односи меѓу заедниците иако е со две години задоцнување од започнување на важењето на Законот за државјанство и измените кои следеа, но да не бидеме само еднонасочни и само за она што нас не интересира да бараме информации и да се состанува Комитетот,туку да бидеме малку дисперзирани и да бараме она што можеби на Комитетот нема да му оди во прилог, меѓутоа ред е, затоа што сите се залагаме за правна држава и еднаш да профункционира таа правна држава, па да бараме информации и за останатите закони кои се однесуваат или се во делот на областа на односите меѓу заедниците и со нив се следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците.

Значи, малку да шетаме во законите. Јас во сите мои настапи по последните закони кои се однесуваа на соодветна и правична застапеност укажував на тоа дека ние во сите закони немаме една одредба која се однесува стриктно за тоа, дури и уставните измени се однесуваа на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Тоа е моето укажување на Комитетот за односи меѓу заедниците, не само она што ним и одговара, туку малку пошироко да размислуваат за останатите закони, а кои се однесуваат на припадниците на заедниците во Република Македонија. Благодарам претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Само едно прашање, дали знаете од што е составен Комитетот?

**Марија Којзеклиска:** Од заедниците.

**Љупчо Јордановски:** Не е баш комплетно од заедниците.

Повелете господине Рустеми.

Се извинувам, за реплика е јавен господинот Хасипи.

Повелете три минути.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе,

Последниот дел од настапот на колешката Којзеклиска ќе го искоментирам, посебно делот каде се повикува дека Комитетот за односи меѓу заедниците расправа по прашања што е од нивен интерес, меѓутоа, треба да расправа и за нешто на што, како што рече, ним не им одговара, колку што ја разбрав. Го потенцира прашањето за правична и соодветна застапеност.

Сакам да ја потсетам госпоѓа Којзеклиска дека на почетокот на 2005 година Комитетот за односи меѓу заедниците на посебна седница расправаше за донесување на Програма за работа на Комитетот која опфаќаше прашања по кои Комитетот ќе расправа и ќе носи свои мислења. Во рамките на таа програма имаше 10-15 прашања по кои Комитетот требаше да расправа. Меѓу тие прашања е и прашањето за стекнување на државјанскиот статус на Република Македонија.

Прашањето што го спомна госпоѓа Којзеклиска за соодветна и правична застапеност веројатно алудираше на сите етнички заедници исто така зеде место во Програмата за работа на Комитетот, но бидејќи потребните временски рокови не добивме комплетно мислење од страна на Владата немавме соодветен материјал по кој ќе расправаме.

Според тоа, моравме да ја прилагодиме Програмата на прашањата за кои имавме материјал, а по прашањето за стекнување државјански статус имавме добар материјал од страна на Владата и по тој основ расправаме.

Тоа значи дека Комитетот покренуваше и покренува прашања и ќе расправа за тие

прашање во оној момент кога ќе има соодветен материјал за да може врз база на постојниот материјал да има плодна дискусија и да има соодветно мислење. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута за госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, јас читам дека има Програма за работа за 2005 година на Комитетот за односи меѓу заедниците, најверојатно е ставен и Законот за државјанство, меѓутоа, помина 2005, сега сме 2006 година. Ако Комитетот имал сознанија дека има евентуални пречки во спроведувањето на Законот за државјанство зошто не барал побрза информација да се разгледува за да се види каде се наоѓаат евентуалните пречки.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседателе,

Јас земам збор како претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците, бидејќи овде се поставија неколку прашања зошто Комитетот ја има разгледано Информација во врска со тоа колку е имплементиран Законот за државјанство. Од многу причини расправавме околу оваа информација, ова е наша право и по Уставот и по Правилникот на Комитетот. Имаме право да разгледаме имплементација на разни закони.

Бидејќи Комитетот има донесено Програма за работа од која сме завршиле над 50% од точките кои сме ги подготвиле во овој план на Комитетот кој план го оствaруваме. Овој план е усвоен едногласно од сите 19 члена на Комитетот и секој од овие членови имаше можност да предложи разни теми за кои Комитетот ќе расправа.

Многу е неприфаливо од страна на колешката која рече дека Комитетот разгледува само прашања кои некому се добри, а некому не му одговараат, не е точно, имено, во овој Комитет се опфатени сите етнички заедници и сите овие пратеници имаа можност да предложат разни теми кои ќе се разгледаат на Комитетот.

Една од темите која се разгледа е токму оваа за која Комитетот има поднесено мислење пред Парламентот за кое расправаме. Се спомнаа многу работи за кои рекоа зошто не се расправало, се извинувам господине претседателе, ќе излезам малку од темата, бидејќи сум претседател на Комитетот, зошто не се расправаше законот за симболите на етничките заедници кои не се во мнозинство.

Почитувана госпоѓо сте заборавиле Комитетот го има разгледано Законот за употреба на знамињата и има поднесено мислење заедно со Законот кој се донесе. Сигурно тоа не сте го виделе или не сте сакале да го прочитате.

Исто така, Комитетот ќе расправа кога ќе има барање од членовите на Комитетот за да разгледаме таква точка на дневен ред.

Не би зборувал повеќе околу оваа точка, ако има други прашања подготвен сум да одговорам по однос на работата на Комитетот.

За точката која е пред нас Комитетот има поднесено мислење и мило ми е што ова мислење е усвоено од сите членови на Комитетот само со еден воздржан глас, што е добар знак.

Дискусијата што ја имавме на Комитетот и Информацијата со која членовие не беа задоволни, таа Информација беше од Министерството за внатрешни работи, побаравме дополнителна информација која ни се достави од МВР по која имавме многу расправа, таа информација е пред вас и можете да видите колку е имплементиран Законот за државјанство. Оваа Информација е врз основа на дискусиите на Комитетот за односи меѓу заедниците како и мислењето што е пред вас. Од тоа што го видовме врз основа на информацијата колку барање се поднесени за државјанство, колку се одбиени, кои биле проблемите при одбивањето на државјанството ние донесовме мислење во однос на овој закон. Сигурно ќе има различни размислувања. Можат да се спомнат разни држави, но нешто не треба да заборавиме, проблемот на државјанството во Република Македонија е постојан. Мило ми е што со измената на Законот кој го имавме пред две години голем број од овие проблеми се решени и врз основа на Информацијата што ја имаме решени се проблеми во однос на државјанството. Постои мал број на случаи и ние како пратеници треба да се ангажираме да се решат овие проблеми во однос на стекнување на државјанството и еднаш засекогаш да затвориме еден проблем кој постоеше и се уште постои.

Од овие причини сакаме да ги затвориме проблемите, ние сме нова држава, не можеме да се споредуваме со држави кои имаат стогодишна традиција и го немаат проблемот со државјанство. Овде реално проблемот со државјанството постоеше, сме имале граѓани од Република Македонија кои со години живееле со децении, а на крај не можеле да ги имаат сите добра кои може да ги понуди една држава, иако овие граѓани биле фиктивни граѓани на оваа држава. Вакви работи постојат и токму од оваа причина сакавме овој проблем да го затвориме.

Се спомна и член 11 во кој се зборува за иселеникот и иселеништвото во целина. Имаше државјани на Република Македонија кои едно време се откажале од државјанството на Република Македонија и голем број на овие граѓани токму како што се расправаше од членовите на Комитетот се иселиле во Република Турција, но истите сакаат да се вратат во Република Македонија. Знам два-три случаи лица кои долго време биле државјани на Република Македонија сега се државјани на Турција но сакаат да инвестираат во Република Македонија, едно време имале државјанство, па зошто да не им се овозможи ова право. Тоа би

било во полза на Република Македонија да се направи ова.

Случаите што се спомнаа Комитетот предлага уште еднаш да се разгледа членот 7 став 6 во однос на употребата на јазикот и познавањето на македонскиот јазик.

Во Информацијата на МВР е нагласено дека 7 лица од непознавање на македонскиот јазик се одбиени од државјанство на Република Македонија.

Имајќи го во предвид Уставот на Република Македонија кој е изменет по Охридскиот рамковен договор каде населението кое е над 20% во Република Македонија односно албанците во Република Македонија имаат право институционално да им се обратат на свој албански јазик во сите институции, во сите установи, додека еден граѓанин има можност во сите институции да комуницира на својот јазик, тогаш би било добро да го познава и македонскиот јазик. Само со познавање на албанскиот јазик не пречи да комуницира во сите државни установи во Република Македонија. Ова не го велам јас, ова го вели Уставот на Република Македонија кој е како последица на Охридскиот рамковен договор и токму ова е евидентирано во мислењето од Комитетот за односи меѓу заедниците.

Исто така цениме дека треба да се ажурираат сите овие случаи во однос на разгледувањето на случаите кои бараат државјанство на Република Македонија, бидејќи во Информацијата која ја имаме, а ја имате и вие, има голем број случаи кои сеуште не се разгледани како што треба. Од друга страна знаеме дека едно време кога до 1 март оваа година треба сите тие кои од 1991 година стекнале државјанство и за овие случаи ние зборуваме, почитувани пратеници, затоа бараме од Министерството за внатрешни работи како Министерство кое се бави со оваа проблематика да ги ажурира сите овие случаи и еднаш засекогаш да се затвори овој проблем. За среќа над 90% се завршени овие случаи, остана мал број случаи да се разгледаат и да се решат. Ние цениме и предлагаме до Министерството за внатрешни работи да ја ажурира оваа работа и сите овие граѓани кои до сега имале проблеми со стекнување на државјанство еднаш засекогаш да го решат овој проблем.

Јас мислам дека со самиот факт во дискусиите кои беа на Комитетот и од бројот кои беа присутни едногласно се донесе само со еден воздржан глас, јас мислам дека пратениците ќе го поддржат ова мислење на Комитетот, ова мислење ќе го доставиме и до МВР кое ќе ги разгледа сите овие проблеми кои постоеја до сега и истите ќе гги реши. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, од пријавените никој нема за збор, само за дискусија.

Повелете господине Шаќири имате збор.

**Хисни Шаќири:** Благодарам господине претседател,

Уште на почетокот би сакал на Комитетот за односи меѓу заедниците да му кажам дека направиле добра работа што поднеле извештај, што имале прилика од Министерството за внатрешни работи да имаат информација во однос на уредувањето на прашањето на државјанството на граѓани на Република Македонија. Овој проблем датира уште од 1991 година и многу тешко може да се каже со зборови страдањето и проблемите на граѓаните. Сега сме веќе 2006 година, па замислете колку години траело нивното страдање.

Од 1992 година со донесувањето на првиот Закон за државјанство тие го доживеаа најтешкото за нив. Шетајќи години по ред, деценија ипол горе долу за изнаоѓање решенија за едно прашање кое не по своја вина биле оставени на страна во една состојба која е недефинирана, состојба во која им се ограничени сите права на кои најмалку им се гарантираат на граѓаните да имаат право да искористат колку може од секојдневниот живот. Тие биле отргнати од сето тоа без право на вработување, без право на здравствена заштита и друго.

Овој извештај кој го имаме за расправа мислам дека е статистика која претставува едно очекување за сите лица кои поднеле барање и успеале да си го реализираат правото за стекнување на државјанство врз основа на актуелниот закон кој претрпе измени, имајќи го за основа актуелниот закон член 14 кој, колку што може настојува да ја ублажи ситуацијата за која мислам дека е изнајдено решение за определени граѓани.

Многу малку сакам да говорам за Мислењето на Комитетот.Затоа што тоа што се претставува во Информацијата, држи. Немам што да додадам на тоа. И на други места каде што има закони за државјанство можеби со векови и таму овие прашања сњкогаш се воразвој и секогаш има проблем. Да не кажам проблем, но има барања за стекнување и за отпуст од државјанство.

Оваа појава се појавува и кај нас во последно време. Има многу кои бараат отпуст од државјанство и сакаат да стекнат државјанство од западните земји.За ова прашање неколку пати сум имал можност да расправам со неколку пратеници. За жал ова прашање е политизирано и има неповолна, несакана положба. Била оптоварена со големо политизирање врзетничка основа.

Кога ова го говорам имам една голема причина, затоа ова прашање никогаш не успеало да се третира во масока на граѓаните да им понуди решение, што е можно полесно, да сереши едно прашање за кое јас мислам дека, не знам колку ќе ја чини тоа Македонија, меѓ утоа да се има еден пристап поправилен, мислам за институцијата. Имам впечаток дека Законот претходниот па и овој немаат соодветно спроведување и апликација, а во определени моменти има и злоупотреба. Ќе беше многу пореално и поправилно и ќе имавме можност да

расправаме на покпнкретен, попрагматичен начин доколку имавме една точна информација за тоа колку граѓани на Република Македонија кои со актото на осамостојувањето во 1991 година и со изменувањето на Законот што се направи во овој парламентарен состав, колку од нив успеале да стекнат државјанство и колку останале без. Имаме информација, тоа не го спорам, меѓутоа колку останале кои не го стекнале тоа право на државјанство.

Има мајки и родители или татковци кои се без државјанство, додека нивните деца, доколку нивните родители веќе имаат 40 години тие се стари, додека нивната возраст се знае каква може да биде, над 60 или 70 години, уште не успеале да стекнат право на државјанство дури ни со овој Закон. Тоа е реалност. Оваа реалност постои кај нас. Колку и да настојуваме да говориме со политички речник, професионално, ова не можеме да го избегнеме. Тоа е реалност во Македонија и до ден денеска постои.

Говорам токму за такви случаи кои постојат повеќе во Куманово, во Скопје, во еден дел на Тетово. За да не го двојам Тетово, таму се можеби помаллубројни случаевите во споредба со другиве места каде имаат проблеми што не знам и колку ќе се одолжат. Има лица кои бараат државјанство на толку голема возраст, што не знам колку вреди да талкаат по шалтерите за да си го решат проблемот, бидејќи 15 години не успеале да го направат тоа.

Имам пример што ќе го спомнам, бидејќи е многу интересен, за да докажам дека овој закон секогаш имал оптоварувања од национална основа и дека овој закон секогаш повеќе се политизирал, се давала политичка димензија и се настојувало секогаш, доколку се реши ова прашање на правилен начин, Македонија би се оптоварила толку многу, што би се растурила националната структура и би се случило ова или она. Ова не држи. Но, сепак сме со тој менталитет, продолжуваме да се храниме на определени моменти и со овој политички жаргон што е несреќа, токму во прв ред за оние кои се соочуваат со овој проблем, меѓутоа и за нас како политичари кои имаме обврска да ги разгледуваме прашањата на правилен начин и да бидеме колку што можеме на висина на наште задачи. Со тоа да им понудиме најадекватно и најодржливо решение на сите граѓани во оваа млада држава, во ова ново општество, во оваа држава што претендира и треба еден ден да се најде во европското семејство.

Кога реков дека ќе спомнам еден случај во текот на 1998 година кога имавме случај со почетокот на војната во Косово,уште тогаш постоеше една национална државна стратегија што зазеде толкава политичка димензија и сите граѓани во Македонија, поради една политика што се развиваше во тоа време дека Македонија ќе се оптовари со масовно иселување од Косово и дека тие луѓе нема да се вратат од Македонија во Косово, сега имам предвид и тоа дека таква беше и политиката на Белград што секогаш настојуваше да направи етничко чистење да тоа население се расели масовно од Косово и сугестиите кај определени политичари во Македонија беа-да не дозволувате да се сместат, да најдат засолниште во Македонија, затоа што ќе имате многу тешка работа, тешко си на вас. Ова беше таа политика што во тоа време, беше експлоатирана директно од политичарите и институциите во Македонија.

Тогаш како член за една комисија за меѓунационални односи, не сега како Комитетот што го имаме, Комитет кој што многу се разликува и овој не е со одлучувачко право и претставива само проблеми за расправа, има толку ингеренции. Кога го имам во основа овој сегмент кој што го засегнувам сега, ме интересира и нешто друго за да затворам, да не ви одземам многу време. Ќе беше добро бидејќи сите ние и сакаме да земеме функција на надминување на сите недоразбирања и проблеми и секогаш политичкиот амбиент ипростор во Македонија го оптоваруваме со прашања кои се во моментот би рекол многу експлоатирани и понекогаш изгледаат овие прашања несериозни.

Значи прашањет на државјанството во Македонија мислам дека е проблем бидејќи и актуелниот Закон дидека една структура некои граѓани кои што се најдоа во Македонија нив не им е овозможено да го имаат правото на државјанство. Значи од осамостојувањето јас ценам дека е голема неправда и тука сеуште има елементи на дискриминација .

Затоа ова прашање треба да го третираме на правилен начин затоа што, уште еднаш ќе кажам има поединци граѓани на Македонијан кои што имаат возраст над 60 години и сеуште не стекнале право на реализирање со новиот Закон. Треба да се свртиме кон себе си и кон соодветната институција, да видиме како ни соти работата со овие прашања. Дали постои 2001 година сме направиле нешто со новиот Закон, бидејќи често пати се повторува дека сме направиле ова, сме придвижиле она. Не сме направиле ништо повеше одколку тоа што го имаме како реалност во нашето секојдневие, што го имаат граѓаните. Би сакал Комитетот ова прашање уште еднаш да го стави на дневен ред и да имаме, точна прецизна информација од теренот за тоа колку сеуште има лица без државјанство. Не колку добиле државјанство, туку колку без државјанство. Ова треба да го разгледаме и мислам дека тогаш ќе бидеме многу попрагматични во нашите дискусии и нашите пристапи околу овој проблем. Ви благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шакири.

Дали има некој за реплика од пријавените? (нема)

Сите се за дискусија.

Има збор пратеникот Вејсели Абдулади.

Повелете господине Абдулади.

**Абдулади Вејсели:** Почитуван претседавач, почитувани колеги и колешки пратеници,

Денеска говориме за една тема што ги тангира граѓаните на Република Македонија. Јасно е дека интересот е мал за оваа тема и кога говориме за прашање што ги тангираат посебно Албанците, другите, да не кажам големи зборови, не бојкотираат и не учествуваат на седнициве за да не ги разгледуваат со аргументи проблемите на граѓаните, без оглед на нивната етничка припадност.

Меѓутоа, секако дека треба да се има фактот дека имаме едно мислење на од страна на Комитето за односи меѓу заедниците, можам да кажам дека во предложеното мислење на од страна на Комитетот се опфатени сугестиите, предлозите што се дадени од пратеници од разни партии и разни политички провинијенции.Но, секако дека треба да има разбирање и политичка волја од мнозинството во овој Парламент за да стане реалност.

Од ова што го гледаме денеска, заинтересираноста, јасно кажува дека сите мислења и сугестии или мислењето што се дава од Комитетот не држи за овој Парламент и сигурно дека ова мислење ќе ја доживее истата судбина како што ги снајде и другите закони што се предложени од пратеници во овој Парламент во изминатиов период. Иако сакам да кажам нешто, но бидејќи нема пратеници, ќе се обратам на јавноста.

Комитетот за односи меѓу заедниците е како резултат на преговорите на македонската и албанската страна во Охрид, со потсредство на меѓународниот фактор, да биде една институција што ќе ги решава евентуалните спорови што можат да се случат за одредени прашања во мкедонскиот Парламент. Овој Комитет има голема улога, со други зборови кажано, Комитетот уреден со Устав или Охридскиот договор беше како Сенат на Парламентот, затоа што ПДП и другата партија, кои бевме дел на преговорите во Охрод, баравме дводомен Парламент. Така што ова дојде како резултат на преговорите, да не се вика дводомен Парламент или високиот дом да биде овој Комитет што треба да разгледува жешки теми во однос на меѓуетничките односи во Република Македонија.

Друго е колку има сработено. Но, едно е сигурно дека ќе продолжи со работа за да ги зафати жешките теми што треба да бидат третирани на идните седници, а една од нив ќе биде токму имплементацијата на законите што се донесени во Парламентот, спроведувањето на овие закони. Знаете дека нивното спроведување е една од клучните теми со кои што имаме проблеми во секоја област, во секој сегмент од општествениот или институционалниот живот каде нема практично спроведување на законите што се носат во овој Парламент.

Второ, треба да се разгледа една жешка тема, а тоа е правичната и соодветна застапеност на етничките заедници што не се во мнозинство во Република Македонија во институциите на системот. Треба да се разгледа и оваа точка. Тоа е правичната застапеност во администрацијата, во судството, правичната застапеност во обвинителството, во банкарските институции почнувајќи од Народната банка и сите други сегменти од живеењето. Клучните проблеми што ги има албанската етничка заедница во Република Македонија, не можам да кажам дека ги немаат другите заедници, е проблемот на правичната застапеност, проблемот на употребата на албанскиот јазик, што создава проблеми и во врска со Законот за државјанство.

Друго е прашањето дека треба сите заедно да се ангажираме да се отворат темите, што можам да ги наречам жешки за Комитетот и Парламентот, но доколку сакаме да имаме добри односи меѓу граѓаните и меѓу заедниците, да во институциите каде учествуваме како претставници на народот, да ги оствариме овие права во Република Македонија, навистина да се почитува Уставот донесен од овој Парламент.

Кога се говори за Законот за државјанство, уште на почетокот кога се донесе знаевме дека ќе имавме проблеми од оваа природа што ни се јавуваат денес, на Комитетот и на оваа седница. Сеуште имаме соодветен број на граѓани кои немаат стекнато државјанство поради објективни или субјективни причини или поради тоа дека не е ажурно Министерството за внатрешни работи или, затоа што не ги исполнува сите услови за сите граѓани кои останале без државјанство да можат да се стекнат со документот за државјанство. Можеме да го обвиниме и Министерството за внатрешни работи, но за еден сегмент, поради неажурноста на примената на барањата на апликантите кои аплицираат за документот за државјанство.

Дали знаете дека во УБК многу предмети што се аплицираат од граѓаните, сеуште се држат во фиоките на Министерството или во УБК само поради еден факт граѓаните да не стекнат државјанство. Затоа ценам дека Законот има многу празнини. Затоа велам дека Министерството за внатрешни работи има вина, но другата вина треба да ја бараме кај Парламентот кој донесе еден закон што не е целосен, што не ги уредува правата на граѓаните да стекнат државјанство. Ова е прво.

И во Извештајот гледате, тоа што е пред вас, од Министерството, граѓаните на Република Македонија, посебно Албанците не можат да стекнат државјанство затоа што не го познаваат македонскиот јазик. Ве молам, Уставот на Република Македонија регулира нешто друго. Регулира дека во Република Македонија службен јазик, како што е македонскиот, е и албанскиот јазик, затоа што сме над 20% во вкупниот број на населението кое живее во Република Македонија. Ако се спротивставиме на себе си, тогаш и понатаму граѓаните ќе ги воведеме од

албанската етничка заедница да го познаваат македонскиот, но да немаат државјанство доколку не го познаваат македонскиот, а тоа го имате и во Извештајот на Министерството за внатрешни работи.

Второ прашање, со закон не е уреден рокот колку може Министерството за внатрешни работи да го држи предмето на апликантот. Колку може да го држи предметот на оној кој аплицира за државјанство.

Нема одредено време и не е ограничено, која е таа институција која ќе ја задолжи институцијата во покусо време односно побрзо да се донесе за побрзо да стекне граѓанинот државјанство. Ако овој пропуст го направи Парламенот и другиот пропуст повторно го направи Парламентот со донесувањето на законот за државјанство тогаш не ни останува ништо друго, ајде сите заедно да предложиме измени и дополнување на Законот за државјанство за да можат во иднина граѓаните кои што немаат државјанство да добијат државјанство. Инаку проблеми ќе има и во иднина до колку не се направат овие измени во Законот ние можеме да ги обвинуваме сите, но клучната вина е во парламентарното мнозинство кое го изгласа Законот за државјанство кој и до ден денес остави голем број на граѓани без државјанство. Старата жена не го знае македонскиот јазик, не го знаеше ни 2001 година, но има државјанство и сега со измени и дополнувања на законот не го знае македонскиот и не може да стекне државјанство.

А, што ќе кажат тие кога не обвинуваа нас ПДП во 1994 година, ПДП тогаш со својот ангажман дозволи 150 илјади државјанства во Република Македонија, 150 илјади граѓани албанци го добија документот за државјанство. И сега кога ни остана еден мал број, да не речам мал тој пак е голем затоа што еден граѓанин е штета за една држава и ова треба да го оствари и тој граѓанин. Затоа ценам дека е крајно време не да расправаме и да кажеме која гарнитура , како успеа и кој го имплементира, кој го спроведе и кој го донесе и т.н., но крајно е време да расправаме за измени и дополнувања на Законот на одредени членови кои ќе им дозволат на граѓаните да стекнат државјанство.

До колку продолжиме на овој начин и Комитетот може да заседава и Парламентот и се друго, но не треба да му сугерираме на некој друг. Ние сме тие кои треба да покренеме постапка за измени и дополнувања на Законот за кој говориме, Законот за државјанство за да можат сите граѓани да стекнат државјанство и да бидат рамноправни во оваа област.

Вие ќе видите и од Извештајот поднесен од МВР дека најголем број на граѓни кои немаат државјанство, а што е најголема грешка во самиот Извештај на МВР дека не го кажува воопшто бројот на граѓани кои сеуште не стекнале државјанство. Тогаш ние ќе имаме една реална слика и ќе видиме колку граѓани во Република Македонија се без државјанство и кои се причините поради кои не им се дава државјанство. Јас набројав две причини, ако нема други причини кои се спомнуваат во Извештајот, а толку не стекнале затоа што не го познаваат македонскиот јазик, толкав е бројот затоа што Министерството не го признава ова, но ова е мислење и на Комитетот и мое лично мислење, не стекнале поради неажурноста на обработката на податоците или обработката на документацијата на апликантот-барателот и сега доаѓаме до заклучок кои се другите причини поради кои граѓаните не можат да добијат државјанство. Треба да бидеме транспарентни и јавни бидејќи во Извештајот се вели и поради други причини еден голем број граѓани не стекнале државјанство.

И сега кога направивме заложби од 1991 година наваму за да донесеме закон кога во 1994 година голем број албанци стекнаа државјанство со години не можат да стекнат 20% кои останаа без државјанство затоа што отсуството на законските одредби кои се во полза на граѓаните. Јас и на Комитетот го кажав и ќе го кажам и кај нас, до колку не се направат измени на Законот тие граѓани не смее да ги манипулираме и понатаму и да ги замајуваме. Ние треба да направиме измени на Законот и сите да стекнат државјанство, секако држејќи ги на нишан и Владата и МВР да бидат побрзи подинамични или динамиката на остварување на барањат од страна на граѓаните да биде побрза и тогаш сигурно дека многу граѓани ќе стекнат државјанство. Многу граѓани кои секојдневно одат по шалтерите на МВР одбивајќи ги и препраќајки ги од еден на друг шалтер сигурно нив еден ден ќе им дојдат до нос и ќе се откажат од овој документ. Но, ние сме политичари и треба да им создадеме услови граѓанинот да стекне државјанство на полесен начин и позабрзан начин. Не смееме и за документот за државјанство да им бараме мито. Не смееме да им бараме рушвајт и мито. Бидејќи се случув аи ова за да добие државјанство, со цел се испраќа од шалтер до шалтер и понатаму граѓанинот да го плати и тоа што не му припаѓа,. Затоа имаме Закон кој го гарантира тоа право на некој службеник да не му дава мито или рушвет за да добие државјанство.

Вие знаете дека е крајно време преку законите да можеме да се соочиме и да ставиме крај на една појава, бледа појава во Република Македонија , тоа е корупцијата. Цела Европа и Америка и меѓународниот фактор велат дека работа на оваа Влада е да се справи со корупцијата. Корупцијата од друга страна се развива во сите делови од животот.

Почитувани господа и овде треба да работиме во полза на граѓаните. И сега треба да го шетаме тој граѓанин од шалтер на шалтер за да го оствари тоа што му го бара службеникот. Затоа, ценам дека ние, мислењето на Комитетот што е подендено во Парламентот треба внимателно да се разгледа од сите пратеници. Јас се плашам

дека пратениците го прочитале, бидејки јас не гледам заинтересираност на пратениците и да ги анализираат заклучоците кои се изготвени од страна на Комитетот кои заклучоците се заклучени од дискусиите и расправата на самата седница на Комитетот. Во овие заклучоците можеби има некој пропуст за кои сме расправале во Комитетот и не е најден простор за да се стави како заклучок на Комитетот. Тие треба да се разгледаат и сите овие заклучоци држат ако има политичка волја да се направат овие измени на парламентарна седница, предложени во вид на предлог од страна на пратениците. Вака како мислење кое е задолжително да го разгледува Парламентот на своја пленарна седница, но повторно ќе зависи како ќе се гласа и може да се отфрли ова мислење како што ни ги отфрлувале и порано. Јас сакам да го спомнам нашиот предлог кој го дадовме како ПДП, или пратениците на ПДП измени и дополнувања на Законот за државјанство. Нашиот предлог ги регулираше овие две прашања на кои јас укажав. Тогаш одговорот на парламентарното мнозинство беше дека, овој ваш закон не е во согласност со Уставот, иако беше во согласност со Уставот. Но, Владата ќе предложи еден закон кој ќе биде во согласност со Уставот и ќе биде во функција на остварувањето на правата на граѓаните. Денес гледаме дека предлогот на ПДП го отфрливте како Парламент и предлогот на Владата повторно ни прави пречки при стекнувањето на граѓаните со државјанство. И сега анализирајте ги двата закони и тој на ПДП и предлогот на Владата кој се донесе во овој Парламент и ќе видите дека забелешките кои ги искажавме тогаш, или предлогот кој го предложивме со тој Предлог закон се токму овие забелешки за кои денеска граѓаните не можат да стекнат државјанство, До колку тогаш се прифатеше, тогаш рековме до колку некој не сака да ја прифати идеата или предлогот на ПДП нека го земе авторстовто на изготвување на законот, но нека биде документ кој ќе биде во функција на остварување на правата на граѓаните.

Затоа ценам дека пробелмот е отворен, не е затворен и може да се реши до колку се поднесе предлог за измени и дополнувања на Законот за да можат сите тие, можеби точниот број не го знам, но за нас бројот како на партија е познат затоа што со овој проблем се соочивме уште од 90-ти години по осамостојувањето голем број граѓани без нивна вина останаа без право на државјанство поради административните поделби на границите помеѓу републиките од бивша Југославија и добар број до 1994 година имавме големи обвинувања од разни партии како можела тогашната Влада каде учествуваше и ПДП да даде 150 илјади државјанства за албанците. Ако не беа дадени тие 150 илајди државјанства ќе имавме многу големи пробелми и јас мислам да се поднесе предлог за измени и дополнувања на Законот и второ, да имаме изворна информација колку граѓани не поседуваат државјанство.

До колку овие две прашања ги имаме пред нас, тогаш имаме политичка волја за да ги измениме. Ако го поднесат државните институции сигурно ќе го затвориме овој процес и сите граѓани ќе стекнат државјанство и ќе бидат рамноправни, бидејќи ќе имаат право за вработување, здравствено осигурување, социјално осигурување. Добивме статус на кандидати во Европската унија и не е добро да се бавиме со прашања од оваа природа. Треба да работиме во однос на реформите, во областа на судството, стопанството, економијата, управата, полицијата, треба да се занимаваме против мито и корупција, организираниот криминал, а да не се занимаваме со прашања кои припаѓаат на минатото и не е време денеска да се занимаваме со овие проблеми. Ајде да покажеме добра политичка волја да ги направиме овие измени, да добиеме информација од институциите сите граѓани да стекнат државјанство. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Вејсели.

Следен за дискусија е пратеникот Фатмир Асани.

**Фатмир Асани:** Ви благодарам господине потпретседател, почитувани пратеници, изгледа ова попладне само албанците дискутираат, што јасно покажува дека само албанците, турците и ромите имаат меѓуетнички проблеми.

Инфорамцијата од Комитетот за односи меѓу заедниците во делот што говори за стекнување на државјанство можам да го сметам како подобрување, но тоа подобрување е многу мало што бројот е еднаков со тие што се откажале од државјанство.

Ние знаеме дека пред две години донесовме Закон за државјанство, посебно во членот 14 од тој Закон многу им се олесни на албанците барањето и стекнувањето на државјанство во многу поповолни услови. Меѓутоа, се знае дека тој член од тој Закон е многу краткорочен и тој ќе трае до март оваа година, бидејќи беше со постапка која ќе трае само две години.

Една од основните причини за нестекнување на државјанство е неможноста на многу албанци од Куманово, Липково, тие што не се евидентирани во матичната книга на родени. Еве неколку документи чии родители имаат лични карти, имаат државјанство, а за нивните деца иако се на разна возраст, нивните внуци до ден денес немаат стекнато право да можат да се запишат во матичната книга на родените.

На пример децата на Зијадин Демири, Бујар Демири роден 1992 година, Исмаил Демири роден 1994 година и Илир Демири роден 1997 година и Мириета Демири родена 2000 година од село Гошинце општина Липково иако имаат поднесено барање за запишување во матичната книга на родените, тие се одбиени.

Тие се одбиени врз основа на член 22 од Законот за евидентирање во матична книга. Тој член не вели ништо друго освен дека до колку раѓањето или умирањето се пријави откако ќе поминат 30 дена случајот се евидентира во матичната книга

и тоа се прави само врз основа на потврдата односно докажувањето што би го направила некоја комисија.

Сите овие деца, се извинувам малку додека се снајдам со документите, семејството на Зимбери Лирије, Зимбери Албулена 1995 година, Зимбери Хајруш 1986 година, Зимбери Неџарие 1938 година и да не ве замарам над 10-15 граѓани немаат стекнато можност да се запишат во матичната книга, иако аплицирале до службениците, тие се одбиени само затоа што немале потврда од гинеколог и педијатар. Право е на граѓаните на Република Македонија, тоа сите го знаат, своеволно да одлучат да се венчаат и нивно право е да одлучат дали ќе родат дома или кај гинеколог затоа што никој не може да ги принуди да одат да родат во здравствени установи.

Јас како лекар би предложил секој млад или млада пред да одлучи да се венча да се јави кај матичниот лекар и да му каже на лекарот дека младиот брачен пар одлучил да има дете и секако лекарот ќе им сугерира за проблемите или болестите кои би можеле да ги имаат или имаат тие лица затоа што се млади граѓани, но сепак според Законот, според меѓународното право тие имаат право сами да одлучат дали ќе создадат семејство и дом или не.

Одбивањето на овие лица кои сигурно немале здравствени книшки, на крајот на краиштата немале пари да одат и да се породуваат во приватни болници, тие деца се во основно училиште, само се запишани во дневниците со име и презиме, а немаат никакви дополнителни податоци, податоци за раѓање и др. Има и вакви случаи на граѓани во општина Куманово и тие се многу на број.

Јас би апелирал службениците во општина Куманово, Министерството за внатрешни работи да не ги одбива врз основа на член 22 од Законот за евидентирање во матичната книга затоа што таму во тој Закон кој е составен од 36 члена никаде не пишува дека во текот на запишувањето на детето треба да има потврда од гинеколог и потврда од педијатар, туку таму е многу јасно и добро прецизирано дека родителот оди кај службеникот и му кажува дека добиле дете и сакаат да го запишат во матичната книга на родени. Тој е должен според Законот да го запише тоа дете во матичната книга и потоа да аплицира за стекнување на државјанство.

За жал, не е тука претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, би сакал да му предадам некои барања кои ги имаат поднесено до Министерството за внатрешни работи односно до службите во Куманово сите оние лица кои се одбиени, има над 10 примери лица што се одбиени според членот 22. Во тој член нема ништо друго освен што се бараат 30 дена и ако за тие 30 дена родителот не стигнал да го запише своето дете, тоа да се направи преку комисија која што сигурно ќе верификува, ќе потврди и тое е во ред затоа што и смрта се верификува.

Доколку тоа лекарите не сакаат да го потврдат, тогаш двајца службеници тоа можат да го огласат и тука нема ништо незаконско. И ако како лекар јас признавам дека лекарите се тие што треба да потврдат и раѓање и смрт. Но во такви планински услови, каде што не доаѓаат ниту лекари, ниту прва помош, ниту гинекологот и денеска се прават породувањата во домашни сулови и многу од нас можеби, се родиле во домашни услови и до ден денес сме живи и здрави и тоа многу повеќе од тие што се раѓаат во здравствените установи.

Затоа, би ги замоли службениците во Министерството за внатрешни работи да се помалку арогантни кон граѓаните на Република Македонија, да го прочитаат добро Законот, да го разберат Законот добро и да не ги шетаат по разни шалтери граѓаните на Македонија и сите граѓани на Република Македонија. И во текот на овие два месеци апелирам да го искористат членот 14 кој можеби малку ја ублажува можноста за стекнување на државјанство. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Асани.

Има збор пратеникот Ќенан Хасипи.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги и колешки.

Пред да преминам на она што е тема на оваа точка на дневен ред, би сакал да апелирам до членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците кои ретко присуствуваат на седница на овој Комитет и би сакал да бидат поредовни, од неколку причини:

Прво, се работи за уставна категорија.

Второ, се работи за еден Комитет чие што мислење е задолжително и се разгледува на седниците на Собранието. Нормално можат да произлезат одредени законски решенија, кои што ги регулираат релациите меѓу етничките заедници, што е едно од многу битните прашања за хармонизацијата на меѓуетничките односи во Република Македонија.

Втора работа на која би сакал да потсетам е дека Комитетот за односи меѓу заедниците имаше една доста амбициозна програма во 2005 година, која за жал, поради низа објективни, или субјективни причини не успеавме до крај да ја реализираме, поточно еден многу мал дел од таа програма за 2005 година беше реализирана. Дел од причините лежат во нас, меѓутоа, дел од причините лежат и во државните органи, кои што на апелите на Комитетот за односи меѓу заедниците не реагираат со одредени податоци, поточно, валидни податоци врз база на кои ние можеме да расправаме на седниците на Комитетот и да донесеме најсоодветни решенија.

Комитетот за односи меѓу заедниците по прашањето за стекнување на државјанскиот статус расправаше на 12 декември 2005 година. Морам да истакнам дека и пред тој датум имавме седница на Комитетот за односи меѓу

заедниците, меѓутоа, поради тоа што материјалот кој што беше доставен до Министерството за внатрешни работи, не обилуваше со информации врз кои што можевме мериторно да расправаме на Комитетот за односи меѓу заедниците и мериторно да носиме заклучоци. Ние информацијата ја вративме назад. Дури на повторно доставената информација, која што беше добра, квалитетна, укажуваше на бројот на апликантите на колку од нив позитивно се одговорило, на колку негативно, кои биле причините за негативниот одговор, каква била националната структура на тие што стекнале државјанство и на тие што им е одбиено и тн. И врз база на тој солиден и квалитетен материјал се отвори една по мене, многу плодна расправа на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците, кој што искрено морам да признаам, со свои гледишта и оригинални идеи беше и министерот за внатрешни работи Љубомир Михајловски.

Јас не сакам да навлегувам во деталите на ова мислење, меѓутоа, би се осврнал на некои работи кои што по мене се многу битни во регулирање на натамошните активности во овој правец, дотолку повеќе што, прашањето за регулирање на државјанскиот статус не е апсолвирано, тоа и понатаму ќе биде отворено, така да ќе има потреба и понатаму апликантите да се повикуваат на остварување на своето право.

Член 4 став 1 од Уставот вели дека граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија. Оваа уставна дикција во најмала рака, интенцијата на државата треба да биде секој граѓанин на Република Македонија да има државјанство. Со други зборови да има што е можно помалку апатриди, односно луѓе кои што имаат статус на бегалец, статус на привремен престој и тн. Значи, основната интенција на оваа уставна одредба е во максимална можна мера да им се обезбеди на граѓаните да го стекнат статусот на државјанство на Република Македонија.

На расправата на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците беа поставени неколку прашања, меѓутоа доминираше прашањето, што одреден број на граѓани долг период наназад аплицирале и неможеле да го остварат правото за стекнвање на државјански статус, па дури беа кажувани имиња и презимиња што претходниот говорник Фатмир Асани ги наведе на оваа говорница. Дури имаше и ситуации кога имавме и неколку одлуки на Врховниот суд, кој што Врховен суд бара да се преиспита решението на првостепената комисија при Министерството за внатрешни работи и второстепената комисија при Владата на Република Македонија. Меѓутоа, за жал и при повторните постапки имаме идентични решенија, апликантите за стекнување на државјанскиот статус, беа повторно одбивани.

Она што исто така отвори расправа на Комитетот за односи меѓу заедниците беше фамозниот член во Законот за стекнување на државјанство на Република Македонија кој што го дефинира поимот иселеник. Праксата од донесувањето на овој закон, до денешен ден покажа дека погрешно е дефиниран поимот иселеник. Ова го кажувам со полна одговорност, бидејќи согласно таа дефиниција под иселеник се подразбира граѓанин на Република Македонија кој што се иселил во друга земја, дури не се вели друга држава, туку друга земја, со исклучок на матичната земја. Се поставува прашањето што е матична земја на човек кој што е роден во Република Македонија, чии родители и претци потекнуваат од Република Македонија. Доколку матичната земја е земјата во која си роден, се поставува прашањето дали може човек да се исели од матична во матична држава. Под претпоставка дека и тоа е точно, се поставува прашањето што би се случило доколку двајца браќа се иселат во две различни држави. Да речеме, двајца браќа Турци по потекло, едениот се иселува во Германија, другиот во Турција. Братот иселен во Германија, согласно законот има право да аплицира за македонско државјанство, а братот што е иселен во Република Турција, само заради тоа што понационална припадност некој го определува дека се иселил во матична земја, го нема тоа право. Или, кој е тој орган во државата, кој што ќе ја утврди матичната земја на тој што се иселил. Според тоа, се отвораат низа прашања. Или на пример, што би било со мешани бракови. На пример, маж Македонец, жена Турчинка иселени во Република Турција, тогаш, за сопругот што би била матична земја и тн. Бидејќи се работи за бројни недефинирани поими и не е утврдена дефиницијата што е матична држава и кој е тој орган што ќе утврди, што се подразбира под матична држава и поради бројни недефинирани прашања овој член во законот, отвора простор за волонтаристичко толкување, што пак од друга страна, оневозможува дел од граѓаните на Република Македонија да се стекнат со државјански статус.

Јас само сакав да ве потсетам на уште еден член од Уставот на Република Македонија, кој што вели вака: "Член 9 став 1 граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националноста, социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотна и општествена положба".

Став 2 е уште попрецизен и вели: "Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви". Тоа значи дека со овој член од законот е повреден член 9 став 1 и 2 од членот 9 од Уставот на Република Македонија, бидејќи дел од граѓаните ги става во нерамноправна положба, во уживањето на едно право, кое што со закон е регулирано.

Мене ме радува фактот што меѓу членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците се наиде на разбирање на оваа проблематика и ова прашање, како став 3 од мислењето е вметнато во мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците. Дозволете само да го прочитам.

Ставот 3 вели: "Заради надминување на различните правни толкувања, на терминот иселеник, што јас накратко го елаборирав, за граѓани што се иселени од Република Македонија во други држави, а пред се, во Република Турција и притоа добиле отказ од македонско државјанство, Комитетот смета дека треба да се преиспита и измени член 11 од законот".

Значи, Комитетот беше на становиште дека поради најразличните правни толкувања и правните последици кои ги повлекува овој член од законот, истиот треба да се преиспита. Нормално, тоа треба да се одвива во една нормална правна процедура, преку поттикнување на иницијативата за измена и дополнвување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Би се осврнал само на уште еден став од мислењето на Комитетот, а тоа е, Комитетот смета дека Министерството за внатрешни работи да ги ажурира случаите кои подолг период аплицираат за стекнување на државјанство на Република Македонија. Има можности интелектуални и кадровски во Министерството за внатрешни работи, да се оздвојат случаите кои долг период наназад аплицираат, а по било кој основ не можат да го стекнат државјанскиот статус. Министерот за внатрешни работи на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците позитивно се изјасни по ова прашање и дури рече дека ќе се имаат предвид сите поединечни случаи кои поради најразлични околности, дали објективни или субјективни не го стекнале државјанскиот статус, за да може преку стекнување на државјанскиот статус да ги уживаат сите оние права кои што им следуваат на граѓаните на Република Македонија, кои се и државјани на Република Македонија.

Ова беа накратко моите размислувања по ова прашање. Мислам дека прашањето за стекнување на државјанскиот статус е едно од битните прашања, кои што се од интерес на припадниците на етничките заедници. Со тоа, не се исцрпуваат прашањата, кои што се однесуваат на сферата на односите помеѓу етничките заедници. Ние долг период наназад, она што го покрена и госпоѓата Којзеклиска, поднесовме барање како треба да се имплементира принципот на правична и соодветна застапеност. Не е спорно дека последните две години забрзано се имплементира тој принцип, меѓутоа, дел од етничките заедници сметаат дека тој принцип девијантно се спроведува, дека тоа не е рамномерно дистрибуирано до припадниците на сите други етнички заедници, бидејќи оваа држава секогаш кубури со валидни статистички показатели, би било добро на една од наредните седници на Комитетот, а еве ја повикувам и Владата, да изготви една таква информација со соодветни показатели, за да можеме врз база на верифицирани валидни показатели да расправаме и по тоа прашање и тоа прашање да го ставиме адакта, или во најмала мера да ги утврдиме причините зошто се случуваат одредени девијации во имплементацијата на овој принцип, за да може во наредниот период да ги корегираме работите ид а ги доведеме во една поднослива ситуација. Во секој случај, јас ги повикувам пратениците на ова Собрание да го поддржат ова мислење. Не значи дека мислењето не можеше да биде и подобро, не значи дека мислењето ги опфаќа сите проблеми од таа сфера, меѓутоа, она што е овде наведено како мислење на Комитетот е сржта на проблемот и мислам дека доколку надлежните работеле согласно ова мислење и доколку во Собранието се прифати мислењето, мислам дека работите за многу кратко време можат да се подобрат.

Сакам само да истакнам дека Комитетот за односи меѓу заедниците по сите досегашни прашања за кои расправаше донесуваше едногласно мислење. Ние се расправавме по мислењето, вршевме корекции, меѓутоа, еднаш дефинираното мислење за еднички го прифаќавме едногласно сите членови. По моја евиденција и Собранието на Република Македонија, сите досегашни мислења од Комитетот за односи меѓу заедниците едногласно го прифаќаше, се разбира после пократка или пообемна расправа, па се надевам дека и овој пат ова мислење ќе наиде на поддршка на пратениците во ова Собрание. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хасипи.

Има збор пратеникот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван потпретседателе, после таков убав настап на пратеникот Ќенан Хасипи, покрај исцрпните излагања за поединечните проблеми на заедниците во Република Македонија, сепак, мислам дека го наоѓа местото и на ромската заедница, токму на едно од поболните прашања, каде што овој проблем и кај ромската заедница долги години веќе е присутен и сметам дека токму овој состав и ова Собрание, мислам дека и Комитетот може да собере храброст уште еднаш да седне и да се договори во однос на содржината на овој закон и да се решаваат долгогодишните проблеми на ромската заедница. Впрочем, за што се работи. Нам на сите ни е познато дека во Република Македонија има голем број од ромската заедница кои не поседуваат државјанство, а доаѓаат проблеми кои се и езистенционални, проблеми од областа на здравството, социјалната помош и нивното вработување.

Мислам дека Македонија има храброст на ромската заедница, токму на тие кои што живеат во тие картонски куќи, куќи од тенекии, на сите нас ни се познати нивните живеалишта, барем во овој поглед храбро да им помогнеме да им се даде државјанство на тие Роми кои повеќе од 20 или 30 години живеат во Македонија и интегрирани се како македонски Роми. Имаат деца кои веќе се возрасни, кои се образуваат на македонски јазик, но и тие деца го носат

наследството на проблемот околу државјанството и тие деца покрај завршување на средното образование имаат проблем во однос на нивното вработување. Значи, ова е доста сериозен проблем за ромската заедница, особено на тие места каде што и локалната самоуправа на општината Шуто Оризари и другите локални самоуправи низ Македонија, се трудат преку ромските невладини организации на било кој начин да им се помогне токму на тие Роми кои што не поседуваат никаква сопствена документација во однос на нивниот идентитет.

Сметам дека доколку повторно Комитетот седне и расправа по овој закон, наоѓаме толерирани можности на ромската заедница над 20 години кои имаат престој во Република Македонија да им се даде право на државјанство, без да се оди во потрага на нивната матична држава.

Познато ви е дека Ромите немаат услови да одат во потрага на своето државјанство, односно на својата матична држава по распадот на Југославија, дека економската ситуација е на прва страна и токму на таа релација се наталожил овој проблем со години, без да можат да им помогнат и правните канцеларии на ромската заедница кои се застапувани со еден невладин статус. Навистина и јас сакам да ви ја пренесам мојата сериозна грижа во однос на државјанството, односно идентитетот на ромската заедница во Република Македонија, на сите оние кои што не поседуваат документи и кои што не можат дури да пријавуваат свое живеалиште, тоа повлекува проблеми со што им се одзема дури и индивидуалното право. Во интерес и на вашето трпение, бидејќи денес многу се расправаше, јас би сакал тука да прекинам, со наеж дека многу сериозно и многу дарежливо ќе пристапиме кон ромската заедница, овој сериозњен проблем да се решава многу побрзо во некој нареден период. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мустафа.

Има збор пратеникто Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благдоарам господине потпретседателе, јас само на кратко би спомнала, да кажам само неколку збора за оваа информација. Имено, барањето беше од кога појде барањето на Комитетот до надлежното министерство да достави информација, основното барање беше дали Законот за државјанство се спроведува, како се спроведува, дали еднакво, или селективно. Значи, тоа беше основното прашање на кое требаше да дадеме одговор.

Во два наврати беше барана информација, значи една информација, па дополнување со податоци по барање на членовите на Комитетот и Комитетот ги разгледа, една многу детална информација од надлежното Министерство по број на барани државјанства, по национална структура, оние што не добиле односно оние што се одбиени, зошто се одбиени, од кои причини, кој услов од Законот не го исполнувале. Така што Комитетот дојде до заклучок дека овој Закон таков каков што е, морам да кажам, сосема се имплементира онака како што е предвиден, односно со почитување на сите законски одредби.

Сега тука ги респектирам сите други споредни, да речам, можеби не споредни, меѓутоа по однос на прашањето кое беше поставено на Комитетот, а се издиференцираа работи за одредени, можеби слабости на одредени одредби на законот. Меѓутоа, тоа е прашање кое би требало во иднина да се дебатира. Во основа, основното прашање беше дали Законот за државјанство таков каков што е со последните измени се применува селективно, или не. Заклучокот на Комитетот, мислам дека три продолженија имаше расправата, беше дека Законот се применува онака како што е донесен дури со преземање на еден поширок едукативен спектар на работи од страна на ресорното Министерство да се запознаат сите оние граѓани кои немаат државјанство кои се условите, кои се можностите и кои се постапките за да дојдат до државјанство, меѓутоа, ќе нагласам со исполнување на условите кои сега стојат во Законот.

Очекувам дека во иднина и за овие прашања што се појавија, можеби слабости на одредени одредби Комитетот ќе дебатира и ќе видиме дали е во можност да се изнајдат други посоодветни решенија кои би биле можеби попримелниви.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Дури ги нема ни координаторите на пратеничките групи за да ги прашам дали може да се обезбеди кворум, или не.

Дополнително ќе бидете известени за продолжување на оваа седница.

Да ве известам дека во среда имаме итна седница со почеток во 11,00 часот за Законот за тутун.

(Седницата прекина во 17,05 часот).